Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIII No 1924 10 AUGUST 2023 PRICE $3 Inc. GST

FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe



# НЈВ НЕ СЕ ОТКАЖУВА ОД ГАСОТ КАКО ВИКТОРИЈА



# АВСТРАЛИСКИОТ ГЛАС НА КАРЕН ВЕ ВОДИ НА ГУГЛ МАПС

## УШТЕ ЕДНА ГОДИШНИНА ОДБЕЛЕЖАНА НА БАНКИНА ОД АВТОПАТОТ КАЈ КАРПАЛАК

# ЗАГИНАТИТЕ БРАНИТЕЛИ НЕМААТ ДОСТОИНСТВЕН СПОМЕНИК



Со положување цвеќе и панихида пред спомен плочата кај месноста Карпалак на автопатот Тетово-Скопје, им беше оддадена почит на десетте загинати бранители од Прилепско кои беа убиени во заседа во оружениот конфликт во 2001 година

Присутните претставници на бранителите повторија дека 22 години безуспешно бараат да има подостојно спомен обележје на ова место

## БУГАРСКИ ФАЛСИФИКАТИ:

# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО БУГАРСКАТА ИСТОРИЈА СТАНАЛО И ПРЕОБРАЖЕНСКО ВО ВРЕМЕТО НА ТОДОР ЖИВКОВ



## На скопскиот аеродром запленети обврзници во вредност од US$92 милиони, од патник од Турција

Царинската управа заплени обврзници со вредност од 92 милиони американски долари информираше директорот на Царина, Стефан Богоев. Запленета се случила на 28 јули, а станува збор за 184 обврзници со поединечна номинална вредност од по 500.000 долари.

Обврзниците се пронајдени кај турски државјанин, кој пристигнал со редовен лет од Истанбул и кој се определил да помине на зелен канал односно дека нема стока за пријавување. Но при контрола со скенер и детална контрола истите се најдени во четири папки во црна рачна торба. Секторот за контрола и истрага веднаш започна со детална истрага и обавени се службени разговори, прибирање на дополнителни докази како и изестување и консултации со релевантни национални и меѓународни институции вклучително и Интерпол. Согласно одредбите од законот за царинска управа законот за прекршоци, Царинската управа поднесе соодветна пријава до надлежниот суд. По завршување на судската постапка основниот суд Скопје поднесе пресуда со која што се одземени обврзниците а на лицето му е изречено парична казна.

Обврзниците, како што истакна Богоев, ќе и бидат предадени на Агенцијата за одземен имот.

Остана нејасно чии биле тие обврзници и од кого се издадени. Дали, можеби, се работи за уште еден "плен" од урнатините на несреќните турски градови кои беа разурнати од земјотресот. Веќе видовме заплени на скопскиот аеродром на 42 кг златен накит, кој бил украден токму од урнатините.

## Телото пронајдено пред 5 месеци кај Демир Капија е на исчезнатиот Илија по кого две години се трагаше



Родителите на Илија Лазаревиќ од Демир Капија добиле потврда дека остатоците од починато лице пронајдено кон крајот на март годинава во бездна е нивниот син кој за исчезнат се водеше од април 2021 година.

Неговата мајка Снежана, која никогаш не загуби надеж дека синот ќе и се врати здрав и жив дома, објави дека ја добиле тажната вест.

- По две години потрага по нашиот син Илија наместо добра и убава вест да слушнам, слушнав тажна вест дека е најден мртов во Демир Капија, во просек, во провалија, објави мајката. Таа појасни дека добиле писмо со сочувство од Обвинителството. Било посочено дека со 99 процентна сигурност телото е на Илија. Снежана, иако ја препознале со сопругот облеката на синот, се уште се надева дека ова е само сон, а Илија ќе се врати.

## Најниските пензии се 11.897 денари, просекот е 19.106

Според последните податоците од Фондот за пензиско осигурување на Македонија, а кои се однесуваат за јуни, во државава има 337.054 корисници на пензии. Најниската пензија е 11.897 денари (A$330), а ја примаат 2.714 корисници. Всушност, има 9 групи на корисници на пензии со минимални пензии, а износите се различни и зависат од тоа кога го оствариле правото на пензија, Во сите овие групи пензионери со најниски пензии има 84.929 корисници, или 25,2% од сите пензионери.

Највисоката пензија меѓу минималните пензии е 15.250 денари(A$423), а ја имаат 1.355 корисници.

Најчестата минимална пензија е во висина од 12.493 денари (A$347) и неа ја примаат 47.539 пензионери, и тоа се оние што влегуваат во трета група корисници на минимална пензија, кои правото го оствариле по 1 јануари 2002 година.



*Тензиите кај пензионерите растат побрзо од пензиите*

Највисоката пензија што се исплатува во државата е во износ од 69.803 денари (A$1,940), а ја примаат 75 пензионери.

Просечната пензија изнесува 19.106 денари ($530).

Во Македонија пензијата е одраз на придонесите кои секој вработен ги плаќал за време на работниот век.

**TODAY - DENES**
**PUBLISHED BY AEA PUBLISHERS PTY LTD**
**P.O. BOX 544, THOMASTOWN, VICTORIA 3074, AUSTRALIA**
*EDITORS:*
Igor PAVLOVSKI
Antonio PAVLOVSKI
*Tel* (03) 9404 2990
*Mobile* 0403 152 671
E-mail: denes@westnet.com.au
Subscription: $270 (year)
Letters to the Editor must be signed and supplied with a full name, address and a contact phone number for validation purposes.
**FOUNDER OF TODAY DENES ZIVKA PAVLOVSKA**

# Како уште една македонска авторска песна стана бугарска-народна, и се продаде во 3,5 милиони тираж?




„Дали знаеш мила мајко што сум несреќна", се стихови на македонска фолк песна, која ја отпеаја голем број на наши пејачи, уште од крајот на шеесеттите години на минатиот век, кога песната била компонирана.

Автор на истата е Ристо Пулевски, роден во Нижеполе во 1934 година, кој во тој период работел како радиопејач во Радио Битола.

Песната ја посветил на неговата сопруга, ја испеал на радиото и станала многу популарна. На својот репертоар ја ставиле повеќе македонски пејачи, кои редовно ја изведувале за време на своите турнеји кај нашите иселеници.

Но, глобална популарност се случи во 1995 година, кога беше издаден синглот „While the Earth Sleeps" во изведба на светски популарниот Питер Габриел и „Дип форест", во придружба на бугарската пејачка Катја Петрова. Таа ги пее стиховите „Дали знаеш мила мајко", а песната беше искористена и во филмот „Strange days".

По реакциите дека станува збор на обработка на македонска авторска песна, во јавност се објавија тврдењата на тимот на Габриел, според кои стиховите ,,Дали знаеш мила мајко" потекнувале од бугарска народна песна.

Негирањето на авторството на Пулевски од страна на Габриел беше причина да започне и меѓународен судски спор, а за неговата разрешница, самиот автор Ристо Пулевски раскажа пред повеќе години во интервју за весникот ,,Пензионер плус" кој е официјално гласило на Сојузот на здруженија на пензионерите во Македонија.

Во интервјуто кое го направил битолскиот новинар Никола Талевски, кој почина пред неколку години, авторот Пулевски вели дека песната му „легнала" на Питер Габриел, кој ја снимил во тираж од 3,5 милиони, и истата се вртела на светската топ листа три години, пробивајќи се на самиот врв.

Околу спорот кој се водел за авторството, појаснува дека не го добил.

- Во едно интервју побараа јас да ја пеам со мојот глас, како доказ дека песната е моја! Го сторив тоа, но… спорот не го добив, ама да те пејат во светот, тоа е чест, нели? И на тие кои беа коректни кон моето авторство, а и на другите, на сите им благодарам!

Нека пеат тоа што јас сум го создал - порача Пулевски, не откривајќи детали зошто конкретно го изгубил спорот и дали воопшто ги заштитил своите авторски права.

Пред да ја создаде „Дали знаеш мила мајко", во 1962 година тој ја создал и легендарната „Туѓината пуста да остане". За прв пат ја отпеал во живо во Радио Битола. За оваа песна, тој вели дека кога започнал да работи како радиопејач, вработените во радиото го наговориле да напише своја песна.

- Песната сама ми дојде. Се вратив во село вечерта, ја оставив сијалицата да свети во одајата, зедов тетратка и стило и почнав. Пишував додека не ја завршив и последната строфа длабоко во ноќта.




Имав извонредна песна во главата! По два дена дојдов во Радио Битола и му ја испеав на Борче Талевски – Боцкино, кој раководеше со малиот народен оркестар. Тој почна да нотира, а директорот Ристо Невеновски ми рече дека ќе ја пејам истиот ден на радио.

Песната стана најпопуларна во емисијата „Желби на слушателите", и ја зеде дуетот Куцулова-Андреевски. Во Скопје ја зедоа Александар Сариевски и Васка Илиева. Се радував на успехот, моја песна да ја пејат најпознатите македонски пејачи, таа стана еден вид на химна на печалбарите. Набргу потоа ја создадов „Дали знаеш мајко мила" и ја посветив на сопругата – си спомнува авторот во интервјуто за „Пензионер плус".

Обработката на неговата песна од страна на Габриел и „Дип форест" е објавена во повеќе верзии на музичкиот канал Јутјуб.

Коментарите под неа се многубројни, а често завршуваат и со караници помеѓу Македонци и Бугари, кои меѓусебно се обидуваат да докажат чија е песната, дали македонска, авторска, или пак бугарска – народна. ("Фокус")

## Бугарите дрско присвојуваат македонски авторски песни во последните 60-70 години

Лингвистички е сосема јасно дека песната "Дали знаеш мила мајко што сум несреќна" е - македонска. На бугарски нема збор "несреќен/на" (башка буквата "ќ") туку се вели "нещастен/на".

Бугарите одамна си ги "бастинат" македонските песни како нивни. Посебен проблем е што многу (да не речеме сите) авторски песни создадени во Македонија во фолк стил и веќе обнародени - ги преземаат и ги препејуваат божем се нивни.

Во "Today/Денес" од 21 април 2022 имавме текст во кој наброивме десетици примери на песни од Јонче Христовски (Македонско девојче), Војо Стојановски ("Каде и да одиш"), Наско Џорлев ("Не кажувај либе добра ноќ", "Кажи, кажи облаче ле бело", "Фато мори душманке"...) и многу други чии авторски песни се претставуваат низ светот божем биле бугарски.


2 TODAY-ДЕНЕС, ЧЕТВРТОК, 21 АПРИЛ 2022

Зошто не си ги прибереме барем песните од Бугарите?

Бугарите кон Македонија и нас Македонците се однесува како да не поседува. Нивни биле територијата и историјата, сегашноста и иднината. За да не присилат тоа да го признаеме се однесуваат токму по бугарски: на најниско можно ниво. Не ги интересира тоа што им го искомплицираа животот на луѓето во Република Македонија, а се закануваат дека уште долго ќе ја држат со нога вратата кон иднината. Или барем додека "не им родиме" доволно Бугари!?

Некни на највисоко политичко ниво ни дојдоа во Битола и Охрид за да ни втријат уште сол во раните, да кукумјавчат затоа што божем "на пописот се барал доказ за бугарско потекло"(!?) или зашто "не се дозволувало да се возат коли со бугарски таблички". Токму "госпожата" Јотова е таа која е задолжена со својот потпис да им ги заверува државјанствата на новите Бугари и таа е онаа која барала доказ за "бугарскиот произход". А во Македонија на попис никогаш не се барал доказ за било чие етничко потекло. "Госпожата" Захариева, пак, од толку грижа за тоа какви коли "караат" Бугарите во Македонија, нека каже во која тоа држава можеш неограничено да возиш автомобил со странски таблички (и да не плаќаш регистрација во земјата во која живеш)! Дали тоа значи дека и платите треба да им бидат во левови?

Сепак, најголемото заграбување во душата на Македонецот е насилничкото заграбување на македонските песни. Бугарските специјализирани музички телевизии наголемо

...

раа во врањанска, додавајќи пледоаје од "Коштана" на Борислав Станковиќ (според режијата на Слави Трифонов, кој очигледно не знае географија). Ама така му чини.

А најголем дел од тие, од нив присвоени "народни песни" се всушност авторски и точно се знае кој ги творел со музика и текст. Создадени се во Република Македонија, значи во културна средина која нема никаква врска со бугарската култура или традиција.

Така што Бугарите пеат наши македонски песни, а не нивни. Време е да ги прибереме.

Велат било тешко да се заштитат авторските права во Бугарија (некои наши автори се пробале и биле изиграни), но сигурно не се исцрпиле сите можности. Особено откако и Бугарија пред некоја година мораше да го воведе европскот закон за авторски права. А законски авторските права истекуваат во следната календарска година откако ќе поминат 75 години од смртта на авторот.

Во случајот со "Македонско девојче" на Јонче Христовски, на пример, тоа би било дури во 2076 година. Или со песната на Војо Стојановски "Каде и да одиш…" - тоа би било во 2091 година! Или „Кажи,кажи облаче ле бело", "Ах, каде е мојто либе", „Не кажувај либе добра ноќ", „Фато мори душманке", „Земи оган запали ме"... сите на Наско Џорлев - во 2081 година!

Значи време е да им кажеме на Бугарите: сите тие песни кои се создадени и обнародени во Република Македонија, никако не можат да бидат и бу-

Крајно време е да им кажеме на Бугарите: сите тие песни кои се создадени и станале толку популарни што се обнародени во Република Македонија, никако не можат да бидат и бугарски, ами само наши - македонски. Можат и тие да ги пејат откога ќе признаат дека ги позајмиле и од кого.

# 10 земји со најголеми резерви на злато и девизи



Најголеми резерви на злато и девизи во светот има Кина, во вредност од 3,371 трилиони американски долари, покажуваат објавените податоци од националните централни банки за мај годинава.

Според истражувањето на агенцијата RIA News, на второ место е Јапонија со 1,254 трилиони долари, а на трето место е Швајцарија со 886 милијарди долари.

Индија во мај го зазела четвртото место со резерви во вредност од 590,7 милијарди американски долари, со што ја престигна Русија, која во однос на минатогодишното истражување изгубила 11,6 милијарди и паднала на 584,2 милијарди долари.

Во елитните 10 спаѓаат и Саудиска Арабија со 442,2 милијарди долари, Хонгконг со 421 милијарди долари, Јужна Кореја со 420,9 милијарди долари, Бразил 343,5 милијарди долари и Сингапур 325,7 милијарди долари. Германија се наоѓа на 12. место, а САД се на 13. место.

Австралија на оваа листа се наоѓа на 40 место, а Македонија на 108 место.

### МАКЕДОНИЈА ИМА А$6.4 МИЛИЈАРДИ РЕЗЕРВИ, НАЈМНОГУ СЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Девизните резерви на Македонија на крајот на јули годинава изнесувале 3.8 милијарди евра (А$6.4 милијарди), соопшти Народна банка (НБ).

Најголем дел од девизните резерви се пласирани во хартии од вредност (63,8%), по што следуваат валутите и депозитите (25,6%) и монетарното злато (10,4%), информираат од НБМ.



# Сто војници заминаа на помош во Словенија

Словенија настрада од големо невреме. Силните дождови предизвикаа огромни материјални штети кои се проценуваат во милијарди евра, илјадници луѓе се евакуирани од своите домови а имаше и шест жртви. Преку системот на НАТО властите од Љубљана побарале помош од сојузниците. Македонија ќе одговори со испраќање на сто припадници на Армијата од различни служби кои би требало во наредните 30 дена да помогнат во справувањето со последиците.

Во врска со тоа дали се размислува за некој вид материјална помош, министерската за одбрана Славјанка Петровска вели дека ова е сè што засега Македонија може да пружи.

- Од првиот момент кога се случи несреќата во Словенија и поплавите, стапивме во контакт и јас со мојот колега, премиерот, претседателот на државата и сите министри и ја понудивме нашата поддршка. Од нивна страна беше одговорено дека штом направат анализа што им е потребно ќе бидат доставени барања. Штом беа доставени побарувањата, ние веднаш реагиравме. Побарани се и други технички средства, материјална техничка поддршка, за која што ние не сме во можност да одговориме, меѓутоа се разбира и во иднина ако се испратат барања на кои ќе можеме да одговориме, ќе одговориме. Само како една информација, во барањето е наведено дека вкупно се бараат 200 војници, а Македонија испраќа 50 проценти од побарувањата, кажа Петровска.

Словенија беше една од првите земји кои испратија помош кога пред две години беснееја огромни пожари на територијата на Македонија.

Црвениот крст на Македонија на словенечкиот му понудил финансиска помош од 5.000 евра (!?). Упатен е апел за солидарна помош меѓу Македонците.

# Деветнаесет мажи уапсени поради педофилија

Деветнаесет мажи се уапсени во Австралија под обвинение за злоупотреба на деца, откако дојава на американското Федерално истражно биро (ФБИ) откри „софистицирана" меѓународна педофилска мрежа.

Шефицатана австралиската федерална полиција Хелен Шнајдер истакна дека 13 деца биле спасени од мрежа која користела шифрирање и други средства за споделување материјал за експлоатација на интернет.

– Криминалците кои користат шифрирање на "Црната мрежа" претставуваат предизвик за спроведување на законот, но операцијата "Бакис" покажува дека кога работиме заедно, можеме да ги изведеме сторителите пред лицето на правдата – рече таа.




Осомничените се на возраст од 32 до 81 година, а лицата наводно самите го изработувале материјалот за сексуална злоупотреба на деца.

Полицијата почна да ја истражува мрежата откако двајца агенти на ФБИ, кои истражуваа злосторства за сексуална злоупотреба на деца, беа убиени во 2021 година.

# Мислеа дека е метеор над Мелбурн, испадна дека е руска ракета



Во понеделникот на ноќното небо над Мелбурн беа видени блескави остатоци, при што многумина споделија фотографии и снимки на социјалните мрежи со прашањето дали можеби станува збор за метеор. Светлосниот феномен патувал од правец на Mt Buller кон Мелбурн и бил во пламен речиси една минута пред да се распадне во остатоци што силно гореле.

Експертите брзо процениле дека се работи за вселенски отпад што изгорел поради триење кога со голема брзина минува низ атмосферата.

Поради големиот јавен интерес, австралиската вселенска агенција објави соопштение во кое се наведува дека забележаните блесоци на светлина најверојатно се остатоци од руската ракета "Сојуз-2", лансирана од космодромот „Плесецк", северно од Москва, која повторно навлезе во земјината атмосфера. Ракетата беше искористена за лансирање на сателит претходно истата вечер.

„Навистина е неверојатно", изјави професорот Алан Дафи, астроном од Универзитетот Свинбурн, за радиото 3AW. „Тоа е најголемото светлосно шоу што сум го видел, во однос на повторното влегување на некој вид материјал од орбитата".

Ракетата тежи 105 тони, долга е 25 метри и беше исфрлена на „исклучително голема надморска височина" откако остана без гориво, рече вонредната професорка Алис Горман од Универзитетот Флиндерс.

„Многу жители на Мелбурн ја видоа ракетата како лета низ небото додека се распаѓаше на парчиња, а секое од нив продолжи да гори во спектакуларен огномет", рече таа.

Остатоците од ракетата веројатно паднаа во океанот кај југоисточниот брег на Тасманија, според вселенската агенција, која додава дека „ќе продолжи да ги следи резултатите од овој настан".

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИОТ НЕДЕЛНИК

Сакаме да ги информираме читателите на АМН дека од 8 август 2023 година, весникот во Мелбурн ќе биде достапен во вашата најблиска агенција за весници во вторник.

Доколку има проблеми во вашата област ве молиме да се јавите во редакцијата на 0403 152 671.

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY
•Австралиско•Македонски•Неделник•





НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ДУРИ СЛЕДНАТА ГОДИНА:

# Струјата поевтина за производство, а сметките поголеми?!

Иако големопродажните, производствени цени на електричната енергија паднаа за 59 отсто во споредба со минатата година, цените на електричната енергија за крајните потрошувачи се зголемија до 30 отсто во *Австралија*. Новите бројки на Австралискиот оператор за енергетски пазар (*АЕМО*), кој раководи со националниот пазар на електрична енергија за источните држави, покажуваат пад на големопродажните цени на електричната енергија на $108 за мегават час во јунскиот квартал.

За споредба, просекот од $264 за мегават час е забележан минатата година кога беше суспендиран Националниот пазар на електрична енергија. Во кварталниот извештај на *АЕМО* се вели дека дошло до зголемување на производството на електрична енергија од јаглен, што поттикна помалку непланирани прекини во снабдувањето во *Нов Јужен Велс*, и покрај затворањето на државната електрана на јаглен, *Лидел*, во април.

Во кварталниот извештај, исто така, се вели, обновливите извори на енергија, особено ветерот и соларната енергија, заедно со помалку нестабилните пазарни услови и подобрена способност на производство, направија притисок за намалување на големопродажните цени.

*„Двигателите за промена на цените се трикратни. Прво, паднаа цените на струјата од електраните на јаглен, бидејќи цените на јагленот се пониски. Овие електрани се уште обезбедуваат околу 60 отсто од австралиската енергија. Потоа, имаше повеќе расположливи постројки на јаглен и трето, поголемо производство на енергија од обновливи извори"* - објасни **Данијел Вестерман**, извршен директор на *АЕМО*.

Меѓутоа, падот на големопродажните цени на електричната енергија е спротивен на растот на малопродажните цени, кои стапија на сила на 1 јули, при што купувачите во некои држави плаќаат меѓу 20 и 30 отсто повеќе на сметките за струја.

**Тони Вуд**, енергетски аналитичар од институтот *Гратан*, смета, неодамнешното зголемување на сметките за струја на домаќинствата, е всушност задоцнет одговор на растот на големопродажните цени забележан минатата година.

*„Овој извештај се однесува на големопродажните цени, а домаќинствата купуваат струја од трговци, кои купуваат струја од производителите"* - објасни **Вуд**.

Според него, дистрибутерите на електрична енергија секојдневно се изложени на овие промени на цените и мораат да се носат со нив, поради што некои од нив пропаднаа минатата година, кога скокнаа цените.

Токму тие повисоки трошоци, како што истакна **Вуд**, сега се вклучени во цената на електричната енергија, заедно со оние зголемувања кои ги одреди Австралискиот енергетски регулатор, а кои стапија на сила на 1 јули.

И покрај годишниот пад на големопродажната цена на електричната енергија, дојде до зголемување на цените од 31 отсто, меѓу првиот и вториот квартал годинава. Тоа е зголемување од $25 за мегават час, што го прави втор најголем рекорден скок на големопродажните цени за јунскиот квартал.

**Вестерман** очекува цената на електричната енергија да биде „долгорочно" коригирана за *Австралија* да се движи кон својата енергетска иднина.

*„Првата е поевтина, обновлива енергија, која ја поттикнуваат сонцето, ветерот и водата. Вториот е зголемување на капацитетот на батериите, со задача само да го надополни напојувањето кога потрошувачката на електрична енергија е во пикот или кога има пад на производството од обновливи извори"* - посочи **Вестерман**.

Следна ставка е преносот на електричната енергија, бидејќи е потребно новите обновливи извори да се поврзат со градовите, а четврта е мрежата на електричната енергија која одвреме навреме ќе може да работи само на обновливи извори на енергија.

Според **Вестерман**, пониските големопродажни цени нема да влијаат на сметките за домаќинствата во следните 12 месеци, бидејќи Австралискиот енергетски регулатор (*АЕР*) ја заклучи стандардната понуда на пазарот за тековната финансиска година.

*„Тоа е стандардна пазарна понуда, која ги опфаќа сите компоненти на сметката за малопродажба. Големопродажната цена на енергијата, за која овде зборуваме, ги вклучува и трошоците за мрежата и малопродажбата"* - објасни **Вестерман**.

Очекува *АЕР* да почне со ревизија на понудите на пазарот за следната финансиска година на почетокот на 2024 година.

### Што е стандардна понуда на пазарот?

Стандардна пазарна понуда за струја е максималната цена која трговците на мало можат да ја наплатат од купувачите според договорите. Оваа понуда се однесува на купувачите од *Јужна Австралија, Нов Јужен Велс* и југоисточен *Квинсленд*.

Промените на цената на електричната енергија за домаќинствата во *Викторија*, *Тасманија*, *АСТ* и *Западна Австралија* не ги одредува националниот регулатор.

# НЈВ не се откажува од гасот



Нови куќи и станови во *Нов Јужен Велс* ќе продолжат да се градат со приклучоци за гас, потврди владата на оваа држава.

И покрај притисокот од различни групи и организации по одлуката на властите во Викторија да ја забранат употребата на гас во новите станбени единици и државни згради, *Нов Јужен Велс* сепак нема да го следи примерот на јужниот сосед.

**Крис Минс**, премиерот на *Нов Јужен Велс*, ја отфрли можноста за забраната на гасни инсталации во домовите, велејќи, државата веќе има доволно проблеми со снабдувањето со енергија. **Минс** во разговор за радио станицата 2GB, беше јасен за ова прашање, а неговите коментари следеа откако министерката за енергија на неговата влада, **Пени Шарп**, во неделата одби да ја исклучи можноста **Нов Јужен Велс** да го следи примерот на *Викторија*.

Според него, постојат сериозни енергетски предизвици за Нов Јужен Велс и нема дополнително да ги комплицира со забрана за гас.

*„Предизвиците во енергетиката со кои се соочуваме во Нов Јужен Велс се сериозни. Исто така, не очекува исклучување на базното оптоварување во следните неколку години, а не е доволен влезот на електрична енергија во системот која доаѓа од обновливи извори. Не ни е потребна уште една компликација или уште една промена на политиката кога предизвиците пред нас се толку сериозни"* - изјави **Минс**.

Премиерот, навистина, потврди, евентуалното одалечување од приклучоците за гас во новите домови во *Нов Јужен Велс* би било *„во голема мера водено од економијата"*, бидејќи *„може да се направат значителни заштеди"* во куќите кои би биле опремени исклучиво со струја.

Сепак, проблемите со снабдувањето со електрична енергија се главната причина да се задржи гасот како извор на енергија за домаќинствата.

Премиерот на *Викторија*, **Даниел Ендрјуз**, минатата недела најави гасните приклучоци ќе бидат забранети во новите станбени единици и владините згради кои ќе се градат од 2024 година.

Оваа објава ја поддржаа еколошките групи и секторот за имот и градежништво, а владата на *Викторија* процени оваа промената на домаќинствата ќе им заштеди до $1.000 на нивните годишни сметки за енергија, или $2.200 ако имаат инсталирано соларна енергија. Исто така, беше речено дека со тоа ќе се намалат емисиите и ќе биде направен голем чекор кон достигнување на целта, нулта нето емисии до 2045 година.

Од друга страна, премиерот на *Нов Јужен Велс*, **Крис Минс**, минатата недела предупреди дека патот до постигнување нето нулта емисии на штетни гасови до 2050 година е „многу тесен". Исто така, во повеќе наврати одби да ја исклучи можноста за повторен откуп и продолжување на работата на термоелектраната *Ераринг*, недалеку од *Њукасл*, за да се избегне недостиг на енергија. Во моментов се очекува оваа електрана на јаглен да биде затворена во 2025 година, но се чини ни тоа не е сигурно.

Покрај *Викторија*, за сега само *Австралиската престолнинска територија (АСТ)* воведе забрана за воведување гасни инсталации во новите домови.

Лидерот на опозицијата во *Нов Јужен Велс,* **Марк Спикман**, рече „огромните притисоци на трошоците за живот *значат дека сега не е време да се забранат гасните приклучоци во домовите*".

*„Тоа би направило голем притисок врз семејствата кои се соочуваат со финансиски потешкотии. Исто така, ваквиот потег не би ги намалил емисиите во краток рок, бидејќи сепак најголемиот дел од енергијата за електричната мрежа ја добиваме од електраните на јаглен"* - рече **Спикман**.

**Пени Шарп**, министерката за енергија на *Нов Јужен Велс*, во неделата зборуваше за шансите државата да усвои политика слична на *Викторија* и *АСТ*. Таа рече *„сите опции се се уште на маса"*, но и други иницијативи се на листата.

*„Ги разгледуваме сите опции кои би довеле до намалување на емисиите, но се уште не сме донеле било каква одлука. Постојат многу други ставки поврзани со намалувањето на емисиите кои во овој момент не интересираат"* - рече **Шарп**.

# Татко и пет деца загинаа во страшен пожар во Квинсленд



Еден маж со неговите пет деца загинаа во пожар што во недела наутро ја зафати нивната куќа во *Квинсленд*, соопшти локалната полиција. **Вејн Годинет** и неговите пет деца - **Зак**, 11, **Хари**, 10, четиригодишни близнаци **Киза** и **Коа**, и тригодишниот **Ники**. Мајката на петте деца кои загинаа успеала да побегне неповредена од семејниот имот на островот *Расел*, мала заедница на околу 60 километри југоисточно од *Бризбејн*, изјави полицискиот началник **Мет Кели**.

*„Таа е преплашена и емотивно вознемирена во овој момент"*, им рече **Кели** на новинарите во блискиот град *Редленд Беј*, потврдувајќи дека жената *„го изгубила целото семејство"*.

Противпожарната и спасувачката служба на *Квинсленд* соопшти дека куќата се урнала од пожарот, а пожарот се проширил и во некои блиски имоти.

На девет лица им била укажана помош на местото на настанот, а тројца се пренесени во болница, соопшти службата за брза помош во *Квинсленд*.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР

ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ

- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР

Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre

Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Живееме подолго, но сме помалку задоволни



Австралијците се помалку задоволни со животот, но живеат подолго, според извештајот на првиот национален „буџет за благосостојба", кој го претстави благајникот **Џим Чалмерс**. Овој буџет за благосостојба е направен по пример на слични иницијативи во земји како *Нов Зеланд, Канада* и *Германија.* Беа следени 50 различни индикатори, како што се: колку Австралијците се чувствуваат безбедно, колку време имаат за рекреација, задоволство од работата, квалитет на воздухот и доверба во институциите. Дваесет индикатори забележуваат подобрување, седум биле стабилни, 12 се влошени, а останатите имале различни трендови. Многу делови од извештајот се потпираат на податоци стари и до пет години, но благајникот **Чалмерс** ги негираше сугестиите дека наодите се неадекватни. Вкупното задоволство од животот во *Австралија* беше 7.5 (на скала од 0 до 10) меѓу 2014 и 2019 година, но во 2020 година падна на 7.2, веројатно поради пандемијата предизвикана од коронавирусот. Извештајот откри, очекуваниот животен век се подобрил кога се споредуваат податоците од 2001/03 година до 2019/21 година. Може да се очекува, момче родено меѓу 2019-21 година да живее до 81.3 години, додека девојчето би можело да очекува да живее до 85.4 години. Меѓутоа, животен век на автохотното население е пократок за 8.6 години за мажите и 7.8 години за жените.

Австралијците се повеќе се соочуваат со хронични здравствени проблеми, особено како што стареат. Подобрувањата во управувањето со здравствениот менаџмент значи дека тие можат да живеат подолго со хронични состојби. Квалитетот на животот, исто така, се гледа и во извештајот за благосостојба. Последниве години, има пад на бројот на луѓе кои велат дека се чувствуваат осамено. Количината на слободното време во кое уживаат мажите и жените е стабилна (околу 3.5 часа дневно минуваат пред телевизор и над два часа слушајќи радио или подкасти). Но, се намалува времето за волонтерска работа. Околу една четвртина од Австралијците помагаат во заедницата, во споредба со една третина во 2019 година. Австралијците се се позадоволни од својата работа, покажува извештајот. Жените, кои во последните шест години се вработени се најоптимисти. Австралијците рекоа дека се сретнале со помала дискриминација отколку во 2014 година, но чувствата на националната безбедност се влошиле од 2005 до 2023 година. Квалитетот на воздухот остана стабилен, но загрозените видови се намалуваат со поголема стапка отколку во 2002 година. Бројот од 278 набљудувани видови животни, птици, влекачи и риби е намален за 55 отсто. Менталното здравје е класифицирано како стабилно, но податоците одат само до 2018 година, што значи не биле вклучени во истражувањето затворањата поврзани со ковид, кои претставуваа огромен притисок врз благосостојбата на луѓето.

Се признава, овие податоци се стари неколку години и трошоците за домување значително се зголемени по пандемијата. На прашањето за веродостојноста на таквите податоци, благајникот Чалмерс рече ова е прва можност *Австралија* да направи ваков извештај, кој веќе го објавуваат земји како *Канада, Нов Зеланд* и *Шкотска.*

*„Ќе го усовршуваме, подобриме, се работи за пошироки трендови и промени. Една од задачите е да ги идентификуваме недостатоците"* - рече благајникот, и додаде дека ја поздравува повратната информација на луѓето.

Благајникот **Чалмерс** рече, трошоците за живот се очигледен приоритет на владата во моментот, заедно со решавање на инфлацијата, и тоа не значи дека здравјето и благосостојбата треба да се игнорираат.

### Повисок долг и приход

Извештајот за благосостојба, ги разгледува и важните економски прашања, како што е нивото на долгот на владите (*Австралија* назадуваше од 2008 година) националниот доход по лице (кој се зголеми во текот на минатите две децении). Додека *Австралија* е 12-та најголема светска економија, извештајот се вели, според мерката за економска сложеност, кои следат како нацијата го канализира знаењето во посложени индустрии, *Австралија* се наоѓа на 91 од 133 места. Според оваа метрика, *Австралија* е рангирана зад *Кенија* и *Лаос*, а веднаш пред *Бангладеш* и *Таџикистан*.

Вршителот на должноста лидер на опозицијата **Сузан Леј** вели не е против мерењето на благосостојбата, но овој извештај е базиран на погрешни податоци.

*„Податоците мора да бидат точни, да информираат за политика која функционира во реалниот свет, а тоа не е тоа што го гледаме"* - рече **Леј**.

Пратеникот од редовите на националистите, **Барнаби Џојс** го нарече извештајот *„целосно бескорисен".*

*„Ќе ви кажам кој не се чувствува задоволен, пензионерот кој не може да ја плати сметката за струја, лицето кое го менува тоа што го става во количката за да купи поевтин производ"* - нагласи **Џојс**.

## Промени од 2006 до 2023

- Подобрување - Очекуван животен век при раѓање (жени 85.4 години/мажи 81.3 години)
- Довербата во другите луѓе (54.1% во 2006 година, 61.4% во 2020 година)
- Национален доход по глава на жител ($48.538 долари во 2002-03 година, сега е $68.092)
- Генериран отпад по лице (3.05 тони во 2006-07 година, сега е 2.95 тони).
- Непроменето - процент на луѓе кои доживуваат високи или многу високи нивоа на психолошки стрес (постојано 13%)
- Нееднаквост на приходите и богатството (стабилна од 2007-08 година)
- Задоволство од животот (стабилно меѓу 2014 и 2019 година)
- Назадување - биолошка разновидност (55% пад во изобилството на 278 видови од 1985 година)
- Продуктивност (нивото на раст на продуктивноста во Австралија е намалено на 1.2%)
- Бездомништво (45 на 10.000 луѓе во 2006 година, а сега е 48 на 10.000)
- Доверба во националната влада (53.2% од луѓето имале доверба во 2006 година, а сега 49,9%).

*Извор: Measuring What Matters*

# Кејмарт и Таргет се спојуваат



Можеби сте забележале во последно време некои продавници со мешовита роба на *Кејмарт (Kmart)* и *Таргет* се затвораат во некои трговски центри во *Австралија*. Меѓутоа, тоа не е најава за затворање на овие брендови, туку почеток на процесот на спојување во една компанија.

Веста за спојувањетона *Кејмарт* и *Таргет*, ја објави весникот *Australian Financial Review*, наведувајќи дека ова ќе создаде единствена џиновска компанија вредна $10 милијарди.

Како што потврди главната корпорацијата *Вестфармерс*, која уште од 2007 година ги поседува двата бренда, *Таргет* практично ќе се „стопи" во *Кејмарт*, а на овој чекор се одлучиле за да го унапредат ланецот на малопродажни објекти и да им овозможат на сите продавници и вработени да работат во единствен технолошки систем.

Како што вети **Јан Бејли**, извршен директор на *Кејмарт*, купувачите нема значително да ја почувствуваат оваа промена, ниту пак таа ќе има влијание врз продавниците.

*„Ако се земе предвид барањето на потрошувачите да добијат квалитетно пазарно искуство сега повеќе од кога било, новиот оперативен модел ќе овозможи ново ниво на обем и продуктивност кај двата бренда за да можеме да им овозможиме уште поголем квалитет на нашите клиенти во иднина"* - рече **Бејли**.

Според него *„за мрежите на продавници и 50.000 вработени овој процес ќе биде како нешто вообичаено"*, и повеќе станува збор за *„внатрешна реорганизација".*

**Бејли** дури објасни дека малопродажните објекти нема да ги менуваат имињата и во трговските центри и понатаму ќе ги има *Кејмарт* и *Таргет*.

Корпорацијата *Вестфармерс*, која ги поседува двата бренда, исто така е сопственик и на *Банингс*, ланец продавници за алат и технички производи, како и продавниците *Бумонт Тајлс, Офисворкс* и *Прајслајн*.

На прашањето дали спојувањето на двата бренда ќе влијае дел од работниците да останат без работа, **Јан Бејли** одговори дека ќе има само „трошка вишок", и тоа најмногу во одделенијата за технологија и роба.

*„Следната година ќе се отворат и нови работни места, така што очекуваме за една година од спојувањето да имаме повеќе вработени отколку денес"* - изјави директорот на *Кејмарт*.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди




JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Уште една годишнина одбележана на банкина од автопатот кај Карпалак

## „Го дадоа својот живот за нашата татковина“ – министерката Петровска повторно ќе ја моли општина Желино да дозволи поставување споменик!?



На 8 август во 2001 година кај местоста Карпалак, на патот Скопје – Тетово, армискиот конвој со резервисти од Прилепско беше нападнат од заседа. Животот го загубија десет припадници на Армијата: Сашо Китаноски, Нане Наумоски, Бранко Секулоски, Марко Деспотоски, Ердован Шабаноски, Љубе Грујоски, Дарко Вељаноски, Веби Рушитоски, Горан Миноски и Пеце Секулоски.

Дваесет и две години подоцна државни делегации им оддадоа почит на загинатите со положување цвеќе на местото на нивната погибија. Но тоа одново се направи пред спомен-плочата поставена на банкината од автопатот Скопје-Тетово.

Годинава присутни беа министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал потполковник Васко Ѓурчиновски.

Министерката за одбрана Славјанка Петровска рече дека овие бранители заслужуваат достоинствен споменик.

- Го дадоа својот живот за нашата татковина, лично, како министерка за одбрана сметам дека заслужуваат достојно спомен обележје – споменик кој што можеби нема сигурно да ги вратиме назад, но навистина ќе имаме место на кое ќе дадеме достоинствено почит, порача Петровска.

Таа додаде дека ќе испрати повторно барање до општина Желино за да биде дозволено овде да се изгради споменик (како да се работи за меѓудржавно прашање!?).

Во центарот на Прилеп постои спомен-обележје "Карпалак" (има и во касарната) а споменик во прилепското село Лениште.




## Инфлацијата се намали на 8,4%

Вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, информира дека падот на стапката на инфлација продолжува да опаѓа и во месец јули кога е измерен раст на трошоците за живот од 8,4%.

Според него овие бројки се во согласност и со владините проекции со кои се предвидува просечната инфлација за 2023 да изнесува 8,9%.

Вицепремиерот истакна и дека Владата посветува големо внимание и на креирање на позитивна бизнис клима, каде компаниите ќе бидат мотивирани да исплаќаат компетитивни плати чиј раст на годишно ниво ќе биде далеку над растот на трошоците на живот.

- Растот на просечната плата очекуваме и понатаму да продолжи со двоцифрени стапки, и секако да биде значително над растот на трошоците на живот, што во превод би значело и реален раст на куповната моќ на нашите сограѓани, вели Битиќи.

### КОВАЧЕВСКИ ПОБАРА КОНСЕНЗУС ОД ОПОЗИЦИЈАТА ЗА УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ, ВЕДНАШ ПОТОА ИЗБОРИ

# ВМРО-ДПМНЕ одговори: Да речеше лани!



Ако опозицијата изгласа уставни измени, ние сме подготвени уште утредента да одиме на избори и тоа е јасно, вели премиерот Димитар Ковачевски во интервју за МИА.

Но од опозициската ВМРО-ДПМНЕ велат дека консензус за уставни измени под бугарски диктат не е можен, единствено е можен консензус за избори.

"Тоа што е суштинско и што недостасува во ламентирањето на Ковачевски во интервјуто е зошто беше одбиен предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за општествен и политички консензус пред да прифати преговарачка рамка со ЕУ со која Бугарија ќе има можност и ќе ја искористи таа можноста да ја блокира Македонија секогаш кога нема да бидат исполнети иредентистичките, антимакедонски диктати од Софија? Над 80 проценти од граѓаните, јавноста и експертите се против промена на Устав под бугарски диктат. Ковачевски само за ден повеќе на власт и одржување на коалиција со ДУИ ја доведе Македонија во подредена положба и ја загрози нејзината европска интеграција, уште повеќе нејзината вековна јазична, културна и историска посебност", стои во соопштението на ВМРО-ДПМНЕ.

Во интервјуто за МИА, Ковачевски тврди дека ги разбира стравувањата, особено после одредени чекори и провокации кои беа на штета на односите меѓу двете земји, но дека тезата која ја наметнува опозицијата е манипулативна и има двојна цел.

- Од една страна да ги доведува во заблуда граѓаните, да си поигрува со нивните емоции. Од друга страна да создава алиби за својата неодговорност затоа што немаат аргументи како да ги бранат своите обиди за блокади. Особено сега, кога целата содржина на предложените уставни измени е објавена и достапна, никој нема ниту една забелешка, ниту има нешто против. Прилично јасни се работите, нови условувања за нас не може да има, вели тој, додавајќи дека „пратениците сега имаа многу поважна работа од терање изборни кампањи и калкулации за министерско, пратеничко или директорско столче".

Во предлог-иницијативата што ја усвои Владата, а помина на собраниската комисија, се предлага бугарскиот и уште пет други народи да се додадат во Преамбулата од Уставот – хрватскиот, црногорскиот, словенечкиот, еврејскиот и египќанскиот народ.

Покрај ова, предвидена е уште една уставна измена во однос на составот на Комитетот за односи меѓу заедниците со која се предвидува да се измени бројот на членовите, и тоа наместо досегашните 19 члена, бројот да се зголеми на 43 члена, при што 16 члена од редот на пратениците во Собранието – Македонци и Албанци, и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби, Бошњаци, Бугари, Хрвати, Црногорци, Словенци, Евреи и Египќани.


LIVER - BLE - JUICE
ПОМАГА ПРИ ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЦРНИОТ ДРОБ (ЦИГЕРОТ)
ЗАМАСТЕН ЦРН ДРОБ / ЦИРОЗА
ХЕПАТИТ Б И Ц
ПРИ БОЛЕСТИ НА ЦРНИОТ ДРОБ И БУБРЕЗИТЕ
НИЕ МОЖЕМЕ ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ
ДА БИДЕТЕ ЗДРАВИ КАКО ПОРАНО
ПОГЛЕДНЕТО ГО ВИДЕОТО ЗА ОВОЈ ЛЕК:
https://youtu.be/yoeKUKgiz8U
ПИЈАЛОКОТ Е РЕГИСТРИРАН ВО ASIC - ПАТЕНТИРАН Е И ГИ ИМА СИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА
ПРИМАМЕ НАРАЧКИ ОД ЦЕЛА АВСТРАЛИЈА
ВАСКО ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ
ТЕЛ: 0410 403 667
E-MAIL: support@liver-ble.com.au
www.liver-ble.com.au
6 Walsh St, Preston 3072, VIC






Reg. No. A0042461G
AHAM BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123
АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА
Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЏАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Владејачката коалиција на чело со СДСМ нуди Манифест за обединување за брз и квалитетен влез во ЕУ до 2030 година



СДСМ и владејачката коалиција понудија Манифест до сите парламентарни партии за брз и квалитетен процес на преговори со ЕУ кој ќе резултира со членство на Македонија во ЕУ до 2030 година. Од СДСМ сметаат дека Манифестот е добра основа за градење единство околу иднината на земјата и дека со него Собранието дефинира рамки на позиции по кои мора да постапуваат сите надлежни институции во преговорите со ЕУ.

– Време е за обединување на сите политички лидери, преку потпишување на заеднички Манифест со кој сите заедно ќе се обврзат за ефикасно водење на преговорите за пристапување во ЕУ. Политиките на СДСМ и коалицијата, за интеграција во НАТО и полноправно членство во ЕУ не се само политики за остварување на врвните стратешки приоритети и национални интереси, тоа се политики за сигурна и стабилна иднина за сите граѓани, економски напредок, развој и европски вредности. Ние сме чувари на македонскиот идентитет, јазик, култура и традиција, но и на заедништвото меѓу сите наши граѓани, без разлика на етничка, верска или друга припадност. Токму преку овој Манифест сите лидери на политичките партии се обврзуваат дека ќе настојуваат пристапните преговори да завршат во најкраток можен рок, а притоа целосно заштитувајќи го идентитетот, традицијата, јазикот и општествените вредности на граѓаните – се вели во партиското соопштение.

Во Манифестот, додаваат, е јасно наведено дека политичките партии во Собранието, без разлика од составот на владејачкото мнозинство, се обврзуваат да соработуваат, но и да го водат преговарачкиот процес целосно отворено и транспарентно со цел најшироката јавност да биде во можност да го изрази своето мислење по однос на условите за членство во ЕУ.

– Почнавме преговори со Унијата со заштитен и признаен македонски јазик и идентитет. Резолуциите на големите и пријателски држави за признавање и потврда на македонскиот јазик, идентитет и посебност дополнително говори за нашата посветеност и современ патриотизам. Пред нашата татковина и пред сите нас е историска шанса за продолжување на европскиот пат со глас за Европа во македонското Собрание. Сега треба да се направи чекор напред, да се донесе одлука за усвојување на уставните измени и побрзо членство во ЕУ. Затоа, повикуваме на обединување околу европската иднината на земјата, а усвојувањето овој Манифест е добра основа за чекор напред кон такво обединување – додаваат од СДСМ.

Иницијатори на Манифестот се политичките партии: Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Демократската Унија за Интеграција, (ДУИ), Алијанса за Албанците (АА), Либерално-демократска партија (ЛДП), Нова социјал-демократска партија (НСДП), Демократска Партија на Албанците (ДПА), Партија за движење на Турците (ТХП), Демократска партија на Турците во Македонија (ТДП), Демократска обнова на Македонија (ДОМ), ВМРО- Народна партија (ВМРО-НП), Партија на пензионерите (ПП), Српска странка во Македонија.

Документот е отворен за широка општествена подршка.

Клучни поенти од документот се дека пристапните преговори со ЕУ ќе ги води Владата (која и да биде избрана). Преговорите ќе се водат врз основа на целосни и јавни информации, со отворено и транспарентно водење на процесот, а на сите заинтересирани страни ќе им биде осигурено правото на достапност на информациите и дијалог.

Граѓаните ќе одлучат за пристапувањето во ЕУ преку референдум кој ќе се одржи пред потпишувањето на Договорот за пристапување, односно по завршувањето на преговорите.



# Бугарија не дала гаранции на САД дека нема нови вета за Македонија

Ги охрабруваме владите на С Македонија и на Бугарија да продолжат со нивниот билатерален дијалог за решавање на разликите, изјави за "Глас на Америка" на македонски јазик портпарол на Стејт департментот, на прашањето дали САД добиле некакви гаранции од бугарските партнери дека нема да има ново вето за македонските евроинтеграции откако би се усвоиле уставните измени.

Специјалниот претставник за Западен Балкан, Габриел Ескобар, на дебата за регионот во Конгресот минатиот месец рече дека САД се ангажирани со новата бугарска влада да се осигураат дека нема да има нови барања откако државата ќе ги исполни обврските од постоечките договори.

„САД силно ја поддржуваат целосната интеграција на С Македонија во Европската унија. Европска унија што го вклучува целиот Западен Балкан, вклучително и С Македонија, ќе биде посилна и попросперитетна. Ги охрабруваме владите на С Македонија и на Бугарија да продолжат со нивниот билатерален дијалог за решавање на разликите, исполнување на претходните договори и поддршка на брзиот пристап на С Македонија", се вели во изјавата од Стејт департментот.

Седницата на Собранието за првата фаза на уставните измени, односно за гласањето за потребата од промени на Уставот, е закажана за 18 август.

– За да ги продолжи своите аспирации за ЕУ, Владата на С Македонија се обврза да донесе уставни измени за признавање на бугарското малцинство. Силно го поддржуваме овој тежок, но неопходен чекор – рече Ескобар пред Конгресот неодамна.

Засега нема консензус меѓу власта и опозицијата за измените со кои и Бугарите би влегле во Уставот, услов за отворање на преговарачките поглавја.

Ескобар, во интервју за "Гласот на Америка" на македонски во мај рече:

- Ние не бараме од опозицијата да го поддржи премиерот. Бараме од опозицијата да го поддржи евроатлантскиот пат на С Македонија. Ова е најдобриот договор што го добивме. Тој е разумен, мислам засега, и треба да продолжиме напред што е можно побрзо. Затоа, се надевам дека сите страни на политичкиот спектар ги поддржуваат потребните промени за да можеме да продолжиме напред во унапредување на кандидатурата на С Македонија.

Бугарскиот претседател Румен Радев, пак, рече дека вклучувањето на Бугарите во Уставот е само „прелиминарен услов за почеток на преговорите за членство", и оти не ги исцрпува условите што треба да ги исполни Македонија.

# Никој не знае зошто пресушува браната Мантово, во тек се рестрикции за Радовишко Поле



Браната Мантово пресушува како никогаш досега. Во своето 45-годишно постоење оваа вештачка акумулација е со најниско ниво. Од максималниот капацитет од 48 милиони кубни метри вода, браната ова лето располага само со 11 милиони кубни метри, што значи дека капацитетот е намален за повеќе од четири пати.

Земјоделците реагираат на недоволните количества вода што тие ги добиваат, но во Подружницата за водостопанство „Радовишко Поле" која е задолжена за хидромелиоративниот систем „Мантово", не знаат зошто што ја имаат најлошата хидролошка состојба досега.

- За разлика од другите акумулации во Македонија кои се полни со вода, Мантово е во обратна состојба. Во мај и јуни имаше дождови, но акумулацијата наместо да се полни таа од ден на ден добиваше пониско ниво. Водата како да се губи, како да понира некаде. Имаме една чудна необјаснива појава. Имаме проблеми и со каналската мрежа долга 29 километри која е застарена и неисчистена. Недостасуваат и работници за одржување затоа што повеќе работници заминаа во пензија, а нашите барања за нови вработување не се исполнуваат, вели за порталот "СДК.мк" раководителката Сања Ристова.

Поради ваквата катастрофална хидролошка состојба, подружницата „Радовишко Поле" е принудена да врши рестрикции во користењето на водата, па речиси цел месец водата наизменично се пушта на три дена по левиот, односно десниот магистрален канал преку кои се наводнуваат околу 500 хектари обработлива површина во Радовишко Поле и дел во Општина Конче.

Вештачката акумулација Мантово е изградена во 1978 на 25 километри од Штип и на 15 километри од општините Радовиш и Конче на површина од 4,5 квадратни километри со најголема длабочина од 40 метри.

# Доколку не им се исполнат барањата, здравствените работници од септември ќе излезат на протести

Независниот синдикат на здравство и Независниот синдикат на геријатрија изјавија дека доколку ресорните министерства немаат слух за нивните барања, ќе следи „жешка есен" исполнета со протести на здравствените лица и полицијата.



Здравствените работници се маргинализирани и доведени до раб на егзистенција, и затоа подобро е да се решат овие проблеми и да добијат покачување на платите за 30 проценти.

Синдикатите упатиле барања за решавање на ова прашање и во Министерство за финансии и во Министерство за здравство, досега одговор не добиле.

Претседателот на Независниот синдикат на геријатрија, Лазо Костовски, кажа дека болничарите и негувателките треба да се водат како здравствени работници, а не како технички персонал како што е случајот сега, а воедно, потребно е зголемување на нивната плата за да не бидат во категоријата минималец.

СЕМАКЕДОНСКА СРЕДБА ВО ТРНОВО:

# Илинденското востание било, е, и ќе остане македонско

Втори август е национален празник на Македонија и Македонците и затоа отфрламе нова политичка историја за Македонија и Македонците. Илинденското востание било, е, и ќе остане македонско востание и ништо друго. Отсекогаш и засекогаш. Гоце Делчев бил и ќе остане Македонец и само Македонец и ништо друго. Затоа отфрламе било какво заедничко македонско бугарско чествување на Илинден.



Ова беше главната порака која беше испратена на 52-та Семакедонска средба која се одржа во дворот на црквата „Успение на Пресвета Богородица" во потпелистерското село Трново а во организација на Матицата на иселениците од Македонија, Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија во Битола, Светскиот македонски конгрес и Сојузот на здруженијата на Македонците и децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија "Македон".

Од Средбата, на која присусвуваа неколку илјади иселеници од соседните и прекуокеанските земји, беше испратена порака и за семакедонско помирување и обединување.

- Од овде, од ова свето место Трново, повикуваме на семакедонско помирување и обединување. И покрај сите разлики помеѓу нас Македонците по род, по државјанство од сите делови на Македонија во светот, во татковината само Македонија е нашиот еден и единствен заеднички именител. Само Македонија е нашиот еден и единствен заеднички содржател. Со Македонија не има, без Македонија сите заедно ќе не снема – рече претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров во Трново,

Сопственикот и претседател на Матицата на иселениците од Македонија, Иван Џо Петрески, во своето обраќање до присутните рече дека

Ние, денешените генерации Македонци, го носиме аманетот за зачувување на името, јазикот културата и историјата на македонскиот народ.

– Затоа ги повикуваме власта и опозицијата да се обединат во одбрана на националните и државните интереси на Македонија – рече тој.

Од Семакедонската средба во Трново беше побарано безусловно едностранo раскинување на договорите со Атина и Софија и безусловно распуштање на комисиите со Грција и Бугарија за ревизија на македонската историја.

Посакуваме договори за траен мир и добрососедство со сите соседни држави и нудиме македонско помирување со сите соседни народи, но врз меѓународниот принцип на суверена еднаквост, беше речено на Семакедонската средба во Трново.

# Најзлоупотребуваната алатка на ДУИ - Балансерот станал проблем, утврди Европската комисија




Балансерот, алатката за човечки ресурси, кој го одредува процентот на застапеност на вработени во јавниот сектор од секоја етничка група, веќе не ги исполнува целите, затоа што формулата не ги одразува пописните податоци за населението кое живее во земјата.

Ова, според Левица, е наведено во Нацрт-извештајот од скрининг процесот за првиот кластер од поглавјата на Европската унија за Македонија.

„Комисијата дополнително утврдува дека паралелните процедури за вработување (поставени за да се зголеми вработеноста на малцинствата во јавниот сектор) може да ги поткопаат принципите на ефективност и да влијаат на независноста на институциите.

Потсетуваме дека Левица, во однос на злоупотребувањето на `балансерот' како главен механизам на картел партијата ДУИ за вработување на партиска војска, има поднесено иницијатива за инспекциски надзор пред една година. Тогаш, министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити, спротивно на Законот за вработените во јавниот сектор, како основ за пресметка на работни места по `етничка' припадност, во веб-алатката балансер го додаде и нерезидентното население.

Позитивната дискриминација по етничка припадност, која требаше да биде транзитен период, се втемели како дискреционо право на ДУИ за партиски вработувања, за што и експерти реагираат дека Рамковниот договор после 20 години – не ги исполнил своите цели", се наведува во реакцијата на Левица, која го нарекува балансерот „најзлоупотребуваната алатка на необалистите од ДУИ".

Левица се залага за укинување на рамковниот „баланасер", за кој смета дека е „главен извор на етничката поделеност помеѓу граѓаните, и воведување на т.н. социјална позитивна дискриминација при вработување во јавниот сектор, односно предност за вработување да имаат кандидатите кои доаѓаат од социјално-загрозени семејства."

Забелешките на ЕК, според Левица, се однесуваат и на злоупотребата на т.н. „Европско знаменце" и дека власта ги нема земено предвид препораките на Венецијанската комисија во однос на, како што велат, „противуставната двојазичност, која ја воведе СДС за задоволување на големоалбанските апетити на шовинистичките албански партии."

# Уште 7.5 милиони евра на сметката на „Бехтел и Енка", досега станаа 175 милиони а работа ич

Поминаа точно пет месеци откако вицепремиерот Артан Груби, со бина покрај наплатната рампа на магистралата Тетово-Гостивар на јавноста и ветуваше старт на градежните работи на автопатиштата од коридорите 8 и 10Д. Два месеца поминаа откако власта се пофали дека ја ископа онаа дупка за геомеханичко испитување а со тоа го одбележа и стартот на градежните работи за автопатите. Но, засега можат да се видат само ливади и ниви каде треба да поминува автопатот. Нема багери, камиони, нема градежни работници, нема никаква градежна механизација. А веќе се надѕира крајот на градежната сезона за годинава.

Од друга страна деновиве на сметката на конзорциумот "Бехтел" и Енка "легнаа" уште 7.5 милиони евра само да ги започне градежните работи.



За годинава Македонија има обврска на "Бехетел и Енка" да им префрли 250 милиони евра, а досега на сметката на градежната коорпорација се легнати околу 175 милиони евра.

- Овие средства се наменети за плаќање согласно Договорот за изградба на Коридор 8 и Коридорот 10Д, односно за мобилизација, набавка на опрема, бази и материјали за изведувачот и за поддршка на пристап до средства, за геоемханички испитувања, мобилизација, екипирање со механизација, воспоставување на кампови, лабараторија и други работи од страна на изведувачот - велат од Јавното претпријатие за државни патишта .

Според најавите до 2027 година треба да се изградат 110 километри автопат а тоа ќе чини најмалку 1,3 милијарди евра. Околу 300 милиони ќе бидат потребни и за експропријација на земјиште низ кое ќе поминуваат автопатиштата.




# Стотици припадници на хипи-движење кампуваат крај Мавровско Езеро, надлежните тврдат се е регуларно

Околу 300 лица, главно странци од повеќе држави, веќе две недели дена кампираат покрај Мавровското Езеро, во близина на село Леуново, палејќи логорски огнови и изведувајќи свои ритуали. Групацијата позната како "Rainbow Gatherings", традиционално изведува повеќедневни собири на разни локации низ светот, пропагирајќи ги идеалите на некогашното хипи-движење во модерни услови, при што се кампува на отворено, во природа, а луѓето се собираат околу огнови, приготвуваат храна и се дружат.

Локалното население реагира дека, во ек на сезона на опасност од шумски пожари, само дваесетина дена откако Владата донесе забрана за движење низ шумите во државата, полицијата и надлежните од Национален парк "Маврово" го толерираат овој собир и палењето огнови и тоа на приватен имот на граѓани, кои за тоа не дале согласност.

- Овие лица ја запоседнаа локацијата Црн Камен крај село Леуново, и сместени се на ливада која е во моја сопственост, при тоа со знаење и одобрение од Национален парк "Маврово", вели Владо Лазаревски, кој воедно е и претседател на месната заедница во селото. Додава дека група граѓани и МЗ Леуново го пријавиле случајот во полиција за начинот на вршење на физиолошки потреби, за палење оган, за присуство на дрога, журки, алкохол, фрлање ѓубре... но оттаму не било интервенирано.

Од СВР Тетово сепак информираа дека се работи за пријавен собир на луѓе од странство, за кој тие се информирани, а дозволата за користење на локацијата ја издал Национален парк "Маврово", како и тоа дека се работело за државно земјиште.

Според портпаролот на СВР Тетово, Фатмир Реџепи, локацијата била избрана поради лесната пристапност, во случај на некаков инцидент или пожар.

Што се однесува до поплаките на Лазаревски дека хипиците кампуваат на негов имот, Реџепи со одговор:

- Со лицето е разговарано, очекуваме да достави писмен доказ дека се работи за негов имот. Доколку сепак е таков случај, ние ќе постапиме соодветно и ќе ги дислоцираме.



Инаку хипи-собирот првично без никаква најава започнал во атарот на село Жировница, што исто така се наоѓа на територијата на НП "Маврово". Откако жировничани побарале асистенција од полицијата поради нудизам, палење на огнови и масовни собири во шумскиот простор во близина на селото, тие морале да си заминат од таму.

При преместувањето на новата локација од страна на полицијата било побарано да се направи список на сите присутни, што е сторено без поговор.

### Хипи-заедницата барем го исчистила локалитетот од повеќегодишното ѓубре

Од НП "Маврово" укажаа на некои придобивки од сегашната ситуација. Локалитетот Црн Камен целосно е исчистен од повеќегодишниот отпад околу и под грмушките што е за поздравување и камперите побарале зачестена интервенција од Комуналното претпријатие за одвезување на комуналниот отпад, кој што е уредно собран во најлонски вреќи и изнесен на локалниот пат за лесно да може да се собере и транспортира.

"Локацијата под локалниот пат Леуново – Никифорово, по извршената проверка на е-катастар е приватна сопственост, па сопствениците имаат право да реагираат за користење на приватниот имот", велат на крајот од НП "Маврово".

"Rainbow gatherings" е неформална организација основана во САД уште во шеесеттите години од минатиот век. „Тоа е лабаво организирана група од нудисти, хипици и патници, кои се состануваат секое лето за едномесечна љубов", ќе прочитате на Википедија. "Најголемата најдобро координирана неполитичка организација на истомисленици на планетата", пишува на интернет за нив. Нивните собири се бесплатни и отворени за секого.

Во Леуново ги има од сите страни на светот: Франција, САД, Израел, Литванија, Полска, Белгија, Германија, Австрија, Италија, Чешка, Србија, Хрватска, Грција, Бугарија и еден учесник од Мексико. Велат дека се воодушевени од природата во мавровскиот крај, уживаат во престојот, меѓу другото организираат и акции за чистење на сметот, но сметаат дека населението не ги прифаќа и не ја разбира нивната намера.

- Ова ни е прв собир кој е толку блиску до цивилизацијата и во близина на локалното население. И мојот проблем е што мислам дека луѓето не ја сфаќаат идејата, не ја разбираат. Само мислат дека сме голи луѓе кои прават глупости. Не е така. Се работи за природата, за духовното, за чувството на себеси. И имам информација дека доаѓаат дронови кои не сликаат. Не го сакаме. Ние не, не го сакаме ова да не претставаат како шоу, како група на голи, страшни луѓе. Ние имаме убави намери, ја сакаме природата, не фрламе ѓубре, овде не пиеме алкохол или правиме други несакани работи како што мислат луѓето во селото. Знаете, кога дојдовме овде имаше многу ѓубре, имаше многу расфрлана пластика. Го собираме сето тоа. Многу е почисто сега, секој може да види, рече една од учесничките која доаѓа од Полска.

Во Македонија ќе останат до 16 август во 12:38 часот, кога по втор пат ќе ја прослават полната месечина и по церемонијата сите ќе си заминат дома.



# 47 македонски извидници меѓу илјадниците за евакуација поради тропска бура во Јужна Кореја



Јужна Кореја ќе евакуира десетици илјади извидници од крајбрежното место каде што се очекува тропската бура Канун. Меѓу нив се и 47 извидници од Македонија кои се на извидничкиот собир со 40.000 деца од целиот свет. Македонските извидници отпатуваа во Јужна Кореја на 29 јули во организација на Сојуз на извидници на Македонија, на собирот планиран да трае 2 недели. Светската организација на извидничкото движење соопшти дека добила потврда од владата на Јужна Кореја за предвременото заминување на сите учесници во југозападната област Буан. Тоа значи брзо отстранување на десетици илјади извидници, главно тинејџери од 158 земји, надвор од патеката на бурата. Околу 4.500 се од Велика Британија, што го претставува најголемиот национален контингент, додека околу 1.000 се од САД.

Високите температури веќе принудија илјадници британски и американски извидници да ја напуштат локацијата, која е направена на копно одземено од морето. Стотици учесници се лекуваа од болести поврзани со топлина откако започна собирот на 2 август. Долго пред почетокот на настанот, критичарите изразија загриженост за носење толку голем број млади луѓе во огромна област без дрвја на која нема заштита од летните горештини.



## БУГАРСКИ ДРЖАВЈАНИН ВО КАВАЛА ГО ИЗВАДИЛ ГРЧКОТО ЗНАМЕ И ПОСТАВИЛ БУГАРСКО:

# „Ова е бугарска територија!"

Грчката полиција уапси 35-годишен бугарски државјанин во грчкиот град Кавала. Лицето во централното градско пристаниште го извадило грчкото знаме и го поставило бугарското викајќи дека Кавала е бугарска територија.

Окружен суд сега го товари за навреда на националните симболи, но бил пуштен да се брани од слобода, јавуваат грчките медиуми.

Инцидентот се случил на 4 август вечерта, а случајот го пријавиле очевидци кои биле сведоци на настанот. За време на апсењето лицето давало отпор и изговарало навреди и пцовки.

Според информациите, ова не е прв ваков инцидент на уапсениот Бугарин, за кого се вели дека е член на екстремистичка организација која се залага Кавала и регионите на префектурата Источна Македонија да бидат дел на Бугарија, а не на Грција.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

## БУГАРСКИ ФАЛСИФИКАТИ:

# Илинденското востание во бугарската историја станало и Преображенско од времето на Тодор Живков

Илинденското востание до првите години по Втората светска војна и во бугарската историја беше под името Илинденско без Преображенско. Подоцна, во времето на тогашниот претседател Тодор Живков, бугарските историчари со цел да прикажат дека Илинденското востание има бугарски карактер, во шеесетите години на минатиот век му измислуваат ново име Илинденско – преображенско востание за да го поврзат со востанието во Одринска Тракија (која денес не е дел од Бугарија), а кое востание почнало 17 дена подоцна, на празникот Преображение.

Но за жал на бугарските фалсификатори, натписите, весниците и книгите кои биле печатени до почетокот на фалсификувањето во Бугарија, ги разбиваат бугарските фалсификати и докажуваат дека востанието се вика Илинденско востание.

Во прилог се само мал дел од доказите каде се гледа вистинското име на македонското востание од 1903:

1 – Плоча во селото Пирин, општина Сандански, Пиринска Македонија, на која се наброени Македонците од тој крај кои загинале во Илинденското востание.

2 – Плочата во Софија, на куќата каде што починал Атанас Лозанчев.

3 – Извадок од весник од 1923 година, каде се гледа како десетици илјади Македонци во Софија организирано прославуваат 20 години од Илинденското востание. Во текстот убаво е објаснето дека се работи за Македонци и македонски револуционери, кои оддале почест и по повод 20 години од загинувањето на Гоце Делчев.

4 – Книгата на Дино Ќосев печатена 1953 во Софија, во која добро се чита насловот – Илинденско востание

5 – Извадок од книгата на Ќосев, каде се чита и дека Илинденското востание е организирано од Македонското национално – револуционерно движење (заглавје од лева страна)

6 – Спомените на Христо Силјанов, печатени 1933, каде убаво се чита името на востанието.

7 – Спомените на војводата Смиле Војданов, печатени 1926 година, каде името Илинденското востание, војводата раскажува и дека востанието е резултат на борбата на македонските синови и ќерки.

8 – Извадок од книгата на Димо Хаџи Димов по повод 20-годишнината од Илинденското востание: „Илинденското востание е еден голем историски факт и најважната страница од историјата на македонското население низ годините, кога тоа премина од духовни борби кон револуционерни дела од чисто политички карактер".

И има уште многу други плочи, натписи, весници, списанија, книги, во кои се гледа вистината, а кои се печатени пред да почне бугарското фалсификување на името на Илинденското востание.

Не постои Илинденско – преображенско востание.

Илинденското востание е само македонско, и затоа никогаш не треба да го славиме заедно со бугарските фалсификатори и окупатори!






## Преименување со експанзионистички цели

Преименувањето во Илинденско-преображенско е последица од промената во курсот на бугарската политика во контекст на македонскиот национален идентитет. Со таквото двојно именување на востанието се настојува борбата за автономија на Македонија и Одринско да се претстави како борба кон единствена цел – обединување со Бугарија. Притоа како подлога за двојното именување се зема Илинден – денот на почетокот на востанието во Битолскиот револуционерен округ (20 јули односно 2 август по ново), и Преображение – денот на почетокот на востанието во Одринско (6 август односно 19 август по ново).

Востание е кренато уште и во Серскиот револуционерен округ, ама на Крстовден (на 14 септември односно по ново на 27 септември). Според тоа, ако се следи концептот на бугарската логика, тогаш би требало да има тројно именување: Илинденско-преображенско-крстовденско востание.

Во согласност со одлуките од Солунскиот конгрес 1896 (од кога МРО е преименувана во ТМОРО), во 1897 година се појавиле првите чети на Организацијата, како постојани воени формации. Територијата на Македонија во организациска смисла била поделена на пет окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички и Серски. Притоа, како шести округ, надвор од географските граници на Македонија, функционирало Одринско. Востание е кренато само во Битолскиот, Серскиот и Одринскиот округ. Во другите три имало само засилени четнички активности.

## Целта на ТМОРО била автономна па независна Македонија, не спојување со Бугарија

Тенденцијата за претставување на борбата за автономија на Македонија и Одринскиот вилает како стремеж кон единствена цел – обединување со Бугарија, не одговара на историската реалност, зашто МРО ја сфаќала автономијата на Македонија како етапа кон создавање независна македонска држава. Не случајно во организациските акти Македонија и Одринско се третираат одделно, како две области, кои под водство на една организација се стремат за извојување автономија за две одделни области. Впрочем, различноста помеѓу овие две области ја согледале и дипломатските претставници на големите сили, па оттука не случајно реформите што биле предизвикани од македонското револуционерно движење се однесуваат исклучиво за територијата на Македонија, но не и за Одринско.

Според македонската историографија се добива впечаток дека најчесто со името „Илинденско востание" се покриваат востаничките активности од 1903 година на целата територија на османлиска Македонија, иако според истата таа е јасно дека „Илинденското востание" се одвивало на територијата на Битолскиот револуционерен округ. Оттука востаничките дејства во другите окрузи се разгледуваат одделно, иако се спакувани под истиот наслов. Поради тоа ќе нагласиме дека во Солунскиот, Струмичкиот и во Скопскиот округ нема официјално прогласување на востание, ниту пак масовно востание, туку востанички дејства, кои се манифестираат од почетокот на летото 1903 година, но тие се интензивирани со започнувањето на востанието во Битолскиот округ. За разлика од овие окрузи во Серскиот округ, има одлука од окружен конгрес, според која, таму востанието требало да започне на Крстовден.

# Апелација од 18 му ја намали затворската казна на 8 години на велешанецот што прегази дете и побегна!?

Апелациониот суд во *Скопје* ја намали 18-годишната казна затвор на осум години на велешанецот **Ангелче Николов** (28), кој лани во декември возејќи пијан, двојно побрзо од дозволеното, на пешачки премин во *Велес* ја усмрти 11-годишната **Магдалена** и ја повреди нејзината мајка, по што побегна од местото на настанот. Неговиот „мерцедес“ полицијата брзо го пронајде, а **Николов** самиот се пријави дури два дена по сообраќајната несреќа.



**Казната на Николов му ја намалиле оти ветил дека нема да го повтори тоа кое го сторил, а и не бил женет!**

Јавноста бурно реагираше по повод ваквото драстично намалување на казната на велешанецот, за кого при судењето се дозна дека претходно двапати бил осудуван за сообраќаен прекршок при што му биле изрекувани забрани за управување на возило, што укажувало дека се работи за лице со ниско ниво на сообраќајна култура, не почитува сообраќајни правила и изречените казни не влијаеле на него. На социјалните мрежи и негови сограѓани коментираат дека бил познат по дивеење со возилото и бил предупредуван дека ако продолжи така, некого ќе убие. Како што се дознава намалувањето на казната за десет години било образложено со тоа што **Николов** е млад човек, а и не бил оженет. Тој ветил дека нема да го повтори тоа кое го сторил, и бил подготвен да се промени и да се вклучи во нормалниот тек на здраво општествено живеење. Изразил каење, а бил и неосудуван.

Како потсетување, кога во март ја доби затворската казна во висина од 18 години за две кривични дела: *„Тешки дела против безбедноста на луѓето“* и за *„Неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода“*, од велешкиот Судски совет образложија дека судот не стекнал впечаток оти кај обвинетиот има искрено каење и жалење. Олеснителни околности биле дека тој не бил кривично осудуван и бил безимотен. Инаку, максималната казна што можеше да ја добие е 20 години затвор.

Оваа одлука на Апелацискиот суд е финална, а **Николов** од притворското одделение ќе биде упатен на издржување затворската казна. **Николов** доби и петгодишна забрана за управување на моторно возило, која ќе биде ефективна од денот на неговото излегување од затвор.

**АНТИКОРУПЦИСКА СО УШТЕ ЕДНА АФЕРА НА МЕРКО:**

## Повеќе од 4 години предавала во школо со средно образование, лани уште поставена и за директор

Државната комисија за спречување корупција одново побара Обвинителството да го гони **Рамиз Мерко**. Имено, струшкиот градоначалник два пати незаконски назначил наставничка за директор која ниту имала соодветно образование, а откако дипломирала на неговиот универзитет, во наредниот избор не исполнувала ниту еден критериум - потврда за познавање англиски јазик, или пак петгодишно работно искуство. Антикорупциска предложи и кривично да се гонат и в.д. директорката како и уште неколку други вработени кои и помогнале да фалсификува документи кои и биле потребни за изборот на функцијата директор.



Пропустите ги открил Државниот просветен инспекторат откако провериле дека таа безмалку 5 години предавала етика и граѓанско образование со завршено средно образование.

Но, тоа не било пречка, актуелниот директор на училиштетото да и измисли титула во договорот за вработување. Идната директорка уредно студирала јазици и тоа на струшкиот универзитет на Мерко, иако со години претходно држела настава на други несродни училиштни наставни предмети.

За тоа колкава е корупцијата и пропустите во работењето во општина *Струга* впечаток се добива единствено од претставките на Антикорупциска.

Зашто Јавното обвинителство води 6 предмети против **Мерко** за кои се уште нема исход, а, пак, судиите кои постапуваат по предметите против **Мерко** и општина *Струга* пред нивните претпоставени од Судски совет рекле дека не се соочиле со притисоци и корупција.

Изгледа единствен свесен за тоа што се случува вои *Струга* е само официјален *Вашингтон* кој го стави **Мерко** на црната листа заедно со неговото семејство и тоа со сомнеж дека сторил коруптивни дела, а влијаел и врз судии во струшкиот судски округ.

**Мерко** досега не доби ниту осуда од своите сопартијци од *ДУИ*, напротив дури доби поддршка да му мируваат функциите додека не се "расветлат" сите случаи против него!?

## Вработен на Инфективна позитивен на конго-кримска хеморагична треска и хоспитализиран



Откако почина 27-годишна жена од штипското село *Кучица* по убод од крлеж, едно медицинско лице од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во *Скопје* (каде се лекуваше жената), е исто така позитивно на конго-кримска хеморагична треска, потврдија од Министерството за здравство. Смртноста од конго-кримска хеморагична треска е 40%. Вработениот од Клиниката бил идентификуван како контакт со среден ризик и на деветтиот ден од надзор пројавил симптоми. Согласно добиените резултати од одделот на Институтот за јавно здравје е позитивен случај на конго-кримска хеморагична треска.

Пациентот е хоспитализиран на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во *Скопје*, а епидемиолошкиот оддел на Центарот за јавно здравје *Скопје* веднаш формирал екипа за теренски увид која ги спровела потребните активности, односно извршени се анкетирања на вработениот, ставање под надзор на контактите од здравствен ризик со цел спречување од понатамошно ширење на болеста.

Контактите од првиот позитивен случај, односно од 27-годишната сега покојна жена, се под надзор до 10 август.

Како што веќе објави Министерството за здравство, крлежот што ѝ пренесе конго-кримска хеморагична треска на 27-годишната жена од штипското село *Кучица* по што таа почина, на нејзиното тело задржан бил само еден час, што укажува на потентноста на вирусот и неговата сериозност. Од моментот на првите тегоби до смртниот исход на младата жена, поминале шест дена, но симптомите кај неа биле неспецифични, како температура, болки во мускулите и повраќање.

## Охриѓанец пукал со пиштол на свадба каде бил гостин, повредени маж и дете

Маж и дете се повредени откако гостин кој бил на свадба во *Охрид* испукал неколку куршуми.

Случајот во *МВР* е пријавен во саботата на 6 август околу 13 часот.

*- На свадбена веселба во двор на улицата „Петрино“ во Охрид,* ***К.Б.****(60) од Охрид, кој бил гостин, испукал неколку куршуми од пиштол „Застава“ калибар 7,62 милиметри. Притоа,* ***И.С.****(39) Охрид и неговиот малолетен син се здобиле со повреди, констатирани во Општа болница во Охрид*, информира *МВР*.

Полициски службеници од *СВР Охрид* извршија увид, при што од **К.Б.** одзедоа пиштол „Застава м57“ калибар 7.62 мм, пиштол „ЦЗ 99, карабин „Југословенски маусер“, ловечка пушка „Бајкал“ и дозвола за оружјето.

По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ОДБЕЛЕЖАН ИЛИНДЕН ВО ОХА CARE ВО ЕПИНГ

*Во Oxa Care секогаш има радост и активности за оние што живеат во установата со игри, социјални собири, уметност и занаети*





Минатата среда, одбележувајќи го *Илинден*, македонските жители во *OXA Care*, центар за нега на стари лица во *Епинг*, имаа можноста да уживаат во традиционалната храна и музика.

Жителите имаа одличен ден слушајќи македонска музика, долго пеејќи, играјќи и уживајќи во традиционалната храна, прославувајќи го еден од најславните денови во современата историја на *Македонија*.

Одбележувањето на националниот празник Илинден е значајно за сите Македонци, светиот ден на востанието во *Крушево* и основањето на првата република на *Балканот*. Потоа на 2 август 1944 година, во пламенот на Втората светска војна, Антифашистичкото национално-ослободително движење ја прогласи *Народната Република Македонија* како дел од федеративна *Југославија*.

Во *OXA Care* посебно внимание се води за удобноста на старите лица со највисоки стандарди на услуга и почитување на традициите на македонските жители во установата.



## СООПШТЕНИЕ

Федерацијата на македонските пензионерски групи од северниот дел на *Мелбурн* организира прослава по повод осамостојувањето на *Република Македонија*.

Прославата ќе се одржи во сабота на 9–ти септември 2023 година, во *Фераро рецепција* на *14 Onslow Ave, Campbellfield*, со почеток во 11 часот пред пладне се до 17 часот попладне.

За повеќе информации и за резервација јавете се кај: **Стојан Јанакиевски** на **0415 360 243**, **Косте Колевски 0431 360 291** и **Благоја Драгарски 0412 411 318**.




### ТВОРЕЧКИ 45 ЛЕТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЕНТУЗИЈАСТИ:

# Од архивите на Македонското литературно друштво Григор Прличев од Сиднеј

*Во Македонската академија на науките и уметностите промовирана книгата „Од архивите на Македонското литературно друштво Григор Прличев од Сиднеј“ од авторот Иван Трпоски*










Во хрониката на значајни настани од културата, деновиве во *Скопје* беше одржана промоција на книгата *„Од архивите на Македонското литературно друштво Григор Прличев од Сиднеј*“, дело на познатиот автор и активист **Иван Трпоски**, што се одржа во Македонската академија на науките и уметностите. Книгата која беше претставена, е хроника и убаво обликуван приказ и доказ на издавачкиот опус и на севкупната активност во 45-те години постоење и дејност на македонското литературно друштво *Григор Прличев* на петтиот континент.

Тоа е групен портрет на 350 творци што сите заедно во изминатиот речиси половина век направија толку многу, а толку далеку од родната земја. Преку, творештвото на мајчиниот македонски јазик,и низата други активности, тие го афирмираат и негуваат македонското име и македонскиот етникум во *Австралија*.

На промоцијата се обрати и претседателот на *МАНУ* академик **Љупчо Коцарев**, кој истакна дека оваа книга сведочи за непокорот, и за спротивставувањето на разнебитувањето на *Македонија*. Со порака: да продолжи успешната мисија во јакнењето на тој непокор и одржувањето на нераскинливата врска со татковината.

Претставувајќи ја книгата, проф. д-р **Елка Јачева Улчар** потенцираше дека пред 45 години група ентузијасти во *Австралија*, далеку од дома, се здружиле, се обединиле и го формирале ова Литературно друштво, па нивната голема мисија продолжува и во времето идно.

Авторот **Иван Трпоски**, чии роднокрајни корени се охридски, и кој е добитник на повеќе награди и признанија, направил дело за почит и респект.

***Фиданка Танаскова***






# Мировен план за Украина

Учесниците на разговорите во *Цеда*, *Саудиска Арабија*, презентираа алтернативен план за решавање на конфликтот во *Украина*, објавија руски и украински медиуми.



Се прецизира дека проектот го дизајнирале саудиските власти и „голем број други земји", а за иницијативата била информирана и *Русија*.

Како што јави *РИА Новости*, дел од алтернативниот план, кој се разликува од мировната формула на украинскиот претседател **Володимир Зеленски**, вклучува интегритет на *Украина* и прекин на огнот на сите фронтови, како и почеток на мировни преговори под покровителство на *ОН* и размена на затвореници.

Украинската агенција *Укринформ* јавува дека состанокот за мирот во *Украина* завршил без конечна декларација, но со „внимателно позитивни си*гнали од Кина"*.

Европски дипломатски извори велат дека е постигнат договор за централните точки на мирно решение, како што се *„територијалниот интегритет и суверенитет"* на *Украина*.

Посебно била забележана активната улога на *Кина*, бидејќи нејзиниот претставник изразил „позитивни" ставови за евентуална идна средба како што е денешната, наведува *Укринформ*.

Од друга страна, шефот на бразилската делегација **Селсо Аморим** повика на *„вистински преговори во кои ќе бидат вклучени сите страни"*, вклучително и *Русија*.

*„Дури и Украина да е најголемата жртва, ако навистина сакаме мир, мораме некако да ја вклучиме Москва во овој процес"*, рече бразилскиот претставник.

Германската министерка за надворешни работи **Аналена Бербок** изјави за *Билд* дека *„секој милиметар напредок кон праведен мир носи трошка надеж за народ на Украина"*.

Според неа, пораката на состанокот во *Цеда* е дека *„оваа руска агресивна војна ги погодува и луѓето во Африка, Азија и Латинска Америка"* и има импликации далеку од границите на Европа, од иднината на меѓународниот поредок до прашањата за енергетска безбедност, зголемени цени на житото и глобално снабдување со храна *„која Русија толку безмилосно ја деградираше"*.

Шефицата на германската дипломатија ги повика земјите ширум светот да направат се за да спречат агресивните војни повторно да станат нормален феномен во 21 век.

Мексиканскиот претседател **Андрес Мануел Лопез Обрадор** претходно најави дека неговата влада нема да учествува во преговорите без *Русија*.

Портпаролката на *МНР* **Марија Захарова**, коментирајќи ги консултациите во *Цеда*, истакна дека носењето одлуки за украинската криза на политичко ниво без учество на *Москва* е апсурдно и бесмислено.

# Индија ја објави првата снимка од мисијата на Месечината

Индиското вселенско летало *Chandrayaan-3* го направи својот прв маневар за кочење во орбитата на *Месечината*, по успешното влегување во орбитата еден ден претходно, објави *Индиската организација за вселенско истражување (ИСРО).*



Видеото објаено од страна на тимот на *Chandrayaan-3* покажува спектакуларна глетка на *Месечината* снимена од камерата на леталото за време на кочењето во орбитата. По завршувањето на маневрите во орбитата, вселенското летало ќе продолжи кон меко слетување на површината на *Месечината*. Според планот, тоа треба да се случи на 23 август.

Леталото *Chandrayaan-3*, третата индиска мисија за истражување на *Месечината*, беше лансирано на 14 јули, а неговата цел е да оствари слетување на површината на единствениот земјин природен сателит.

Доколку мисијата се покаже како успешна, *Индија* ќе стане четвртата земја која слетала на *Месечината*, придружувајќи им се на *САД*, *СССР* и *Кина*. Воедно, ќе ја има честа да биде првата нација што слетала на месечевиот јужен пол.

# Мајка и ќерка на наградна игра освоија патување во вселената

18-годишна студентка на шкотскиот универзитет *Абердин* и нејзината мајка ќе патуваат во вселената оваа недела, откако на лотарија освоија место на вториот комерцијален лет на *Virgin Galactic.*



**Анастатија Мајерс** и нејзината мајка **Кеиша Шахаф** ќе бидат првите мајка и ќерка кои летаат во вселената.

Тие, исто така, ќе бидат првите луѓе од *Карибите* кои ќе го направат патувањето. Тој ќе полета од *Ново Мексико* во четврток.

**Кејша** била на пат за *Обединетото Кралство* за да ѝ договори виза за студирање на нејзината ќерка во *Британија*, а на летот од *Антигва* до *Лондон* видела оглас.

*„Ја пополнив наградната ждрепка и потоа неколку месеци подоцна, добивам писма во кои пишува „ти си меѓу најдобрите 20 финалисти", потоа меѓу првите пет и на крајот дека јас сум победничката"*, вели таа.

*„Одеднаш, кој влегува во мојот двор? **Ричард Бренсон** велејќи „ти си победникот, ќе одиш во вселената".*

**Анастатија** вели дека нејзината одлука да патува од *Карибите* за да студира во *Шкотска* довела до можност да оди во вселената.

*„Да не го избрав по случаен избор Универзитетот во Абердин и да не требаше да одиме на огромно заобиколување за да ја добиеме мојата виза – немаше да одиме во вселената"*, вели таа.

Студентката по филозофија и физика на втора година вели дека одењето да студира во *Шкотска* било една од најголемите одлуки во нејзиниот живот, но тоа *„предизвикало прекрасни работи да се случат"*.

Мисијата, наречена *Galactic 02*, е вториот комерцијален лет на *Virgin Galactica* во вселената и прв со клиенти кои плаќаат. Огласената цена беше 450.000 долари.

Мисијата *Галактик 01* беше спроведена во јуни и достигна височина од 85 километри. Се смета дека друга мисија ќе се обиде да го следи истиот пат.

**Анастатија**, која ќе биде втората најмлада личност што ќе отиде во вселената, вели дека се надева дека може да го искористи искуството за да ги инспирира другите.

# Тајфун предизвика големи поплави во Кина

Четиринаесет лица го загубија животот за време на викендот во кинескиот град *Шулан* поради поплавите предизвикани од тајфунот *Доксури*. *Североисточна Кина, Пекинг* и провинцијата *Хебеи* забележаа обилни врнежи и поплави откако тајфунот стигна на копно во јужната провинција *Фуџијан* пред две недели.



Покрај настраданите во *Шулан*, во североисточната провинција *Цилин*, минатата недела повеќе од 20 лица загинаа во *Пекинг* и *Хебеј*. Властите сè уште не го објавија вкупниот број на загинати низ целата земја.

Меѓу оние кои ги загубија животите во *Шулан* има и тројца службеници и заменик-градоначалникот на градот со околу 587.000 жители, објавија државните медиуми.

Нивото на водата во градот се спушти на безбедно ниво и преземени се итни интервенции за преселување на жителите и поправка на инфраструктурата. Електричната енергија е вратена во повеќе од 14.000 домови, објавија државните медиуми.

Регионалните власти соопштија дека делови од реката *Сонгхуа*, главна река во североисточна *Кина*, и притоката на Ненџијанг останале на опасно високи нивоа.

Исто така, вратена е струја во многу поплавени подрачја во *Пекинг* и во провинцијата *Хебеј*. Во тек се напори за обновување на струјата во североисточните провинции *Цилин*, *Хејлонгџијанг* и *Лиаонинг*, објави државната телевизија *CCTV*.

# Пакистанската полиција го уапси поранешниот премиер Имран Кан по судска пресуда

Полицијата го уапси поранешниот премиер на *Пакистан*, **Имран Кан** во источниот пакистански град *Лахоре*.



Ова го изјави неговиот адвокат, откако поранешниот премиер беше осуден на три години затвор за незаконска продажба на подароци што ги добивал додека бил на функцијата.

По објавувањето на пресудата околу резиденцијата на **Кан** во *Лахоре* беа распоредени полицајци. По истрагата, Изборната комисија го прогласи **Кан** за виновен за незаконска продажба на подароци што ги добил за време на неговиот мандат како премиер од 2018 до 2022 година.

**Кан** (70) се изјасни дека не е виновен во случајот. Тој е обвинет дека незаконски продавал подароци што ги добил за време на посетите во странство во вредност од над 635.000 долари. Правните експерти велат дека пресудата во овој случај би можела да стави крај на секоја шанса за учество на **Кан** на националните избори, кои мора да се одржат пред почетокот на ноември, пренесе *Ројтерс*.

Политичката партија на **Кан** соопшти дека веќе поднела жалба на одлуката до Врховниот суд.



# Германската крајна десница ја нарече ЕУ „пропаднат проект“

Германската крајнодесничарска *Алтернатива за Германија (АфД)* ја нарече *ЕУ „пропаднат проект“* и повика таа повторно да се воспостави како *„конфедерација на европските држави“*, објави партијата во својата изборна програма на *ЕУ*, која беше усвоена во неделата (6 август).

*„Сметаме дека ЕУ не може да се реформира и ја гледаме како неуспешен проект“*, се вели во партиската програма.

*„Затоа, ние се стремиме кон 'федерација на европските држави', европска економска заедница и заедница на интереси што допрва треба да се основаат, во кои ќе се зачува суверенитетот на земјите-членки“*, се вели во неа.




Меѓутоа, новата партиска програма е малку ублажена од претходните позиции на *АфД*. Нацрт-предлогот на изборната програма во јуни бараше целосно распуштање на *ЕУ*. За време на општите избори во *Германија* во 2021 година, партијата се залагаше *Германија* да го напушти блокот.

Меѓутоа, со цел да се обрати на поширока база на гласачи, шефовите на партијата *АфД*, **Тино Хрупала** и **Алиса Вајдел** се залагаа за помек пристап кон *ЕУ*. Затоа, конечната верзија е компромис со порадикалното крило на *АфД*, кое сè уште притиска *Германија* веднаш да го напушти блокот.

*АфД* неодамна, исто така, ја зајакна својата соработка со другите екстремно десничарски партии со формално приклучување кон европската групација *Идентитет и демократија (ИД)*. Во моментов, европратениците на партијата се членови на пратеничката група на *ИД*, но *АфД* како целина не е дел од партиското семејство.

Екстремно-десничарската *АфД* подолго време се наоѓа на второто место со над 20% во последните месеци – надминувајќи ја дури и *СПД* на канцеларот **Олаф Шолц** и е блиску до водечката конзервативна *ЦДУ/ЦСУ*. Изборната програма на *АфД* наиде на жестоки реакции, при што **Манфред Вебер**, кој раководи со *Европската народна партија (ЕПП)*, ја нарече „објава за војна против *[Европската] Унија*“.

*„Тоа е против сето она за што се бореле претходните генерации“*, изјави **Вебер** за германската телевизија ЗДФ.

Додека **Вебер** нагласи дека ќе исклучи каква било соработка со *АфД* на европско ниво, тој, исто така, го бранеше неговото зближување со крајнодесничарската партија Браќа од *Италија* на премиерот **Џорџа Мелони**. За разлика од *АфД*, партијата на **Мелони** не е дел од групата *ИД*, туку припаѓа на *Европските конзервативци и реформисти (ЕЦР)*.

**Вебер** нагласи дека **Мелони** не може да се споредува со *АфД* и дека „огнениот ѕид“ против екстремната десница „мора да биде јасно дефиниран“.

Во меѓувреме, потпретседателката на Европскиот парламент и поранешна германска министерка за правда **Катарина Барли** го критикуваше **Вебер** дека не се дистанцирал доволно од екстремно десничарските партии, особено не од **Мелони**.

*„Заштитниот ѕид на конзервативците против десничарските популисти и фашистите повеќе не постои“*, изјави таа за весникот *„Аугсбургер алгемајне цајтунг“*.

*„Особено во Германија, ние доживуваме цврст десничарски курс во ЦДУ и ЦСУ. Вебер „намерно го отвори крилото десно и не го крие тоа“*, додаде таа.

# Путин ќе оди во Турција, на разговор со Ердоган за договорот за жито

Рускиот претседател **Владимир Путин** се очекува да ја посети *Турција* во текот на последната недела од август, објави турскиот провладин весник *„Хуриет“*. Весникот пишува дека на агендата на разговорите меѓу рускиот претседател и неговиот турски колега ќе се најдат прашањата поврзани со обновувањето на договорот за жито, билатералните врски, односите меѓу *Турција*, *Азербејџан* и *Ерменија* и начините за нормализирање на односите меѓу *Турција* и *Сирија*.



Претседателите на *Русија* и *Турција* во телефонски разговор на 2 август се договориле да направат подготовки за потенцијална средба, потсетува *ТАСС*. Турскиот претседател **Реџеп Таип Ердоган** на 4 август им рече на новинарите дека **Путин** можеби ќе ја посети *Турција*. Според него, датумот на посетата ќе биде одреден по дипломатски пат. Минатиот месец *Турција* ослободи пет команданти на *Азов* кои беа заробени од руските сили по повеќемесечна битка за пристанишниот град *Мариупол*. Командантите беа ослободени во размената на затвореници под надзор на *Анкара* во септември, но само под услов да останат во *Турција* до крајот на војната.

*Кремљ* тогаш ја обвини *Турција* за предавство на договорот токму во моментот кога **Путин** најави дека ќе направи ретка странска посета на **Ердоган**.

### ТРАМП:

# Ова што мене ми го прават се случува во земји од третиот свет



Поранешниот американски претседател **Доналд Трамп** порача дека она што нему му го прави американското министерство за правда се случува само во *„земјите од третиот свет“*. Оваа изјава се однесува на правните постапки кои се водат против него.

*„Она што мене ми го прави „министерството за неправда“ е истото што го прават земјите од третиот свет низ светот“*, изјави **Трамп**.

Тој додаде дека на американските власти тоа *„нема да им помине“*: *„Ќе ја направиме Америка повторно голема“*, порача **Трамп**.

Специјалниот обвинител **Џек Смит** поднесе минатата недела ново обвинение против **Трамп**, кое се состои од четири точки во кои поранешниот претседател се обвинува за измама на *САД*, заговор за попречување службена постапка (преднос на власта), како и за кршење на правата загарантирани со уставот на *САД*.

Во јуни против **Трамп** беше поднесено обвинение во рамки на истрагата за доверливите документи кои поранешниот претседател ги изнел од Белата куќа, а пред тоа, во март, големата порота на *Менхетн* поднесе обвинение против **Трамп** за деловна измама.

Тој се соочува со можно четврто обвинение во *Џорџија*, каде обвинителите ги истражуваат неговите наводни напори да ги поништи изборните резултати во таа сојузна држава.

# Двајцата милијардери влегуваат во октагон на 26. август




Борбата меѓу милијардерите **Марк Закерберг** и **Илон Маск** отиде толку далеку што се шпекулира дека сопствениците на социјалните мрежи *Facebook* и *X (поранешен Twitter)* ќе влезат во октагонот на 26 август.

**Маск** минатиот викенд изјави дека неговата социјална мрежа ќе ја пренесува борбата, како и дека сите приходи ќе бидат наменети за хуманитарни цели и помош на воените ветерани.

Нетрпеливоста меѓу **Маск**, чие богатство се проценува на 232,5 милијарди долари и **Закерберг**, чие богатство се проценува на 110,1 милијарди долари, дојде до израз во јули, кога официјално беше лансирана новата социјална мрежа на **Закерберг**, *Trades*, која многу потсетува на *Твитер*, кој што **Маск** го купи минатата година за 44 милијарди долари.

Во меѓувреме, **Маск** го смени името на својата социјална мрежа од *Твитер* во *X*.

На почетокот на јули, кога почна да работи неговата мрежа *Trades*, за неколку дена привлече повеќе од сто милиони нови корисници. Сепак, до крајот на месецот, според признанието на **Закерберг**, повеќе од половина од нив се откажале од користење. Октагонот е затворена арена што се користи за натпреварите на *Ultimate Fighting Championship (UFC)*. Седиштето на оваа организација е во *Лас Вегас*, а претходно се проценуваше дека борбата меѓу **Маск** и **Закерберг** би можела да вреди милијарда долари.

Rahimovska Financial Solutions
Suzi Rahimovska
(03) 9465 6071
Practice Principal

| | |
|---|---|
| Investment Planning | Планирање за инвестиција |
| Retirement Planning | Планирање за пензија |
| Superannuation | Superannuation |
| Personal Insurance | Персонално осигурување |
| Portfolio review services | Услуга за преглед на портфолио |

На нова адреса: 2/23 Heyington Avenue, Thomastown 3074

Rahimovska Pty Ltd (ACN 612 363 256) ATF Rahimovska Family Trust t/as Rahimovska Financial Solutions is a Corporate Authorised Representative of Synchron AFS License No 243313.



# КАРЕН Е ЖЕНАТА ЧИЈ ГЛАС ВЕ ВОДИ НА ГУГЛ МАПС




Се прашувате ли некогаш која е жената која ви вели „на следната крстосница, свртете десно. На кружниот тек, свртете лево. Ја достигнавте вашата цел“, додека возите со вклучен Гугл Мапс? Тоа е Австралијанката Карен Џакобсен. Таа како мала сакала да стане пејачка и се преселила во САД, но наместо тоа победила на аудиција за да ги чита инструкциите.

Сега милијарди мобилни телефони низ светот ги слушаат речениците од една огромна книга што таа морала да ги снима и преснимува за да се опфатат сите комбинации при патување. А зошто баш на австралиски акцент? Според лингвистите, тој е најпријатниот од сите видови на англиски за слушање.

Не било лесно да се сними сè. Таа морала да го каже зборот „околу“ речиси 168 пати по ред. На пример, како во реченицата „следува крстосница на околу 500 метри“.

Туку, дали некој знае кои жени и на кој акцент стојат позади гласот на вештачката интелигенција Алекса, на Сири или на Кортана од Виндоус? Во секој случај, изгледа жените имаат предност пред мажите во ова поле.

# МЕДОТ ОД МАНУКА Е ЛЕКОВИТ



Манука медот е еден од најлековитите во светот, но истовремено и најскап.

Овој мед се добива од нектарот на растението Leptospermum scoparium, познато и како манука, а расте само во Австралија и Нов Зеланд.

„Самото растение е многу ретко, а неговиот цвет е отворен само 12 дена. Понекогаш користиме хеликоптери за да го собираме овој мед“, вели Џон Роуклиф кој го произведува.

До сознанијата за здравствените бенефиции од манука медот прв дошол доктор Питер Молан во 1981 година, професор по биохемија на Универзитетот Ваикато. Манука медот содржи неверојатни, природно присутни соединенија, кои се стабилни и при изложеност на високи температури или светлина, кои не се пронајдени никаде на друго место освен во манука медот.

Манука медот е вид на мед со најсилно противвоспалително дејство и има покажано изненадувачки резултати во клиничките испитувања, а се употребува и кај кожни чирови и изгореници од трет степен. Одличен е и за тегоби кај дишните патишта.



АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ, НА ФОТОСОТ
ПОКАЗНО ЗБОРЧЕ
ОКРУГ, ОКОЛИЈА ВО ТУРСКАТА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПОДЕЛБА
РЕКА ВО СРБИЈА, Б. И Х. И ЦРНА ГОРА, ДЕСНА ПРИТОКА НА САВА
МЕСТО ВО ЕГИПЕТ, ПРЕДГРАДИЕ НА КАИРО (ПИРАМИДИ)
ЦИНОВСКО ПЛЕМЕ, ПРИПАДНИЦИ НА ЦИНОВСКО ПЛЕМЕ
СТУШЕНОСТ, СМУРТЕНОСТ
АПАРАТ ЗА ПРЕГЛЕД НА ВНАТРЕШНИ ОРГАНИ И ДР. ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО (ДОТЕР. ФИЗИЧАР)
ПСЕВДОНИМОТ НА СРПСКАТА АРТИСТКА, ТАМАРА ЃОРЃЕВИЌ "ЕРОТИКОН"
ЧЕШКИ ИЗРАЗ ИЛИ ЈАЗИЧНА ФРАЗА ВО НЕКОЈ ДРУГ ЈАЗИК
АВСТРИЈА
НА ДРУГ НАЧИН, ПОИНАКУ / МИНЕРАЛ, ТИТАНОВ ОКСИД
ПОТЧИНЕТ НАРОД ПОД ОТОМАНСКАТА ИМПЕРИЈА
ИРИДИУМ / НЕЈАСНОСТ, МАГЛИВОСТ, НЕБУЛОЗА
"ДЕЗОКСИРИБОНУКЛЕИНСКИ АЦИД" (СКР.)
ФИНСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА / ЛАВ (АРХ.)
ДОЛИ ПАРТОН
МЕРКА ЗА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈАТА (МН.)
ВИД ИНСЕКТ
ГОРАН АЛАЧКИ
ФР. СКИЈАЧ, СЕБАСТИЈАН / ПРЕДЕЛИ НА ЗЕМЈА, БЕЗ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА ЛУЃЕТО
ВИД ЛИСТОПАДНО ДРВО
МОДЕЛ НА "СУЗУКИ", ГРАНД ... / КОСТУР
НЕУТРОН / ГРАД ВО ДАНСКА
ЗАГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗЕМЈА, ПРОСТОР
МАШКО ИМЕ / ВИД ХЕМИСКО СОЕДИНЕНИЕ, НАТРИУМ НИТРАТ ОД ЧИЛЕ СЕ КОРИСТИ КАКО ВЕШТАЧКО ЃУБРИВО
АНГЛИСКИ АРТИСТ, ПИТЕР / ЃРТУЛЕЦ, РАДИКУЛА (БОТ.)
ПОСЛЕДНА БУКВА ОД АЗБУКАТА
ФРАНЦ. ПИСАТЕЛ, ЖИЛ / БРОД-ЦИСТЕРНА
КРИЛО ОД ВРАТА ИЛИ ПРОЗОРЕЦ / ЕДНА ТЕАТАРСКА УМЕТНОСТ
КАМЕН ТЕМЕЛНИК (АРХ.)
ОТПОРНО / ДЕН ВО СЕДМИЦАТА
ДРУМ
ДОКАЗ ДЕКА ОБВИНЕТИОТ БИЛ НА ДРУГО МЕСТО, А НЕ НА ПОСОЧЕНОТО МЕСТО
ЛАНТАН
ЖИТЕЛ НА ГРЕНЛАНД, ИНУИТ / СПИЕЊЕ, СОНУВАЊЕ
БАЊА ВО БЕЛГИЈА / РУСКО МАШКО ИМЕ
ШЕСТИОТ ПАДЕЖ (ГРАМ.)
ТЕХНИЧКИ НОКАУТ (СКР.)
СТАРИТЕ ГРЦИ, ХЕЛЕНИ / ОДГЛАС, ЕХО
ЛИЧНА ЗАМЕНКА / ТОРИНО
ИМЕ И ПРЗИМЕ НА ФРАНЦУСКИ МАТЕМАТИЧАР
БОР / ЧАС
АРТУР РУБИНШТАЈН
ОТВОРЕН ДРВЕН САД ЗА ЧУВАЊЕ ЗЕЛКА
ГРАД НА ЦРНО МОРЕ ВО РУСИЈА

Решенија: види стр. 19

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | | | | | | 8 | | |
| | | | 3 | | 2 | 5 | 7 | 9 |
| | | | 6 | 7 | | | | 3 |
| | | 8 | | 9 | 1 | | 5 | |
| | | 9 | 7 | | | | | |
| 2 | 4 | | | | 8 | 7 | | |
| 9 | 2 | | | | 3 | | | |
| | | 7 | 9 | | | 2 | 4 | |
| | | | | 1 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | 8 | | | | | 5 | |
| | 1 | 3 | | | 2 | 6 | | |
| | | 9 | | 4 | | | | 3 |
| | | | | 7 | 3 | | | |
| 8 | 6 | 4 | | | | | | |
| | | | | | | 1 | 4 | 2 |
| 2 | | 5 | 8 | | | | | |
| | | 6 | | 5 | | 2 | | |
| | | | 9 | | 7 | 5 | | 8 |

### ВО СИБИР И БЕЛГИЈА СЕ ПРОНАЈДЕНИ КУЧЕШКИ ЧЕРЕПИ СТАРИ ОКОЛУ 33.000 ГОДИНИ



# Кучињата, сепак, се најстарите пријатели на луѓето

Научниците во Сибир и Белгија пронашле кучешки черепи стари околу 33.000 години, што докажува дека кучињата биле припитомени многу порано отколку овците, кравите и козите.

Научниците од Универзитетот во Аризона велат дека од остатоците е видливо дека кучето имало пократка муцка и поширока вилица, а дивите животни имаат подолга муцка и потесна вилица која им помага да ловат. Од овие показатели научниците заклучиле дека кучињата биле припитомени. Пронајдените остатоци се подлегнати на посебна анализа која ја одредува староста на коските.

„Врз основа на морфолошката структура успеавме да ја одредиме староста на кучешките остатоци пронајдени во Сибир и во Белгија. И Двата примерока биле припитомени, што е доказ и историски показател дека кучето ни било потребно многу порано отколку што се сметало. Бидејќи не ни е позната улогата на кучето, можеме да претпоставиме дека е припитомен за да им помага на луѓето при лов“, вели предводникот на проектот Грег Хоџинс.

Хоџис сепак не ја исклучува можноста кучињата да биде користени за заштита, па дури и за пријателство. Врската меѓу кучето и човекот е прва човечка врска со животните.

### хумор - хумор - хумор - хумор

Две плавуши патуваат во воз и разговараат:

- Ова не е живот, ова е мака!

- Најди си љубовник и земај од него по 500 евра во месецот!

- Од кај да го најдам таков?

- Тогаш најди двајца по 250.

- Тешко е и такви да се најдат.

- Тогаш најди 4 по 125.

Се јавува еден задреман маж од соседната кабина:

- Кога ќе стигнете до 5 евра, разбудете ме!



# ОСЛОБОДЕТЕ СЕ ОД ОПУШТЕНИТЕ И ОТЕЧЕНИ ОЧНИ КАПАЦИ ЗА САМО 3 ДЕНА



Многу луѓе имаат подуени и опуштени очни капаци и ова е проблем кој може да биде доста досаден.

Отечените очни капаци прават луѓето да изгледаат постари, а на жените им е особено тешко да се шминкаат на збрчкан и отечен очен капак.

Опуштените очни капаци најчесто се предизвикани од стареење, но понекогаш може да бидат предизвикани од одредени болести, оштетување на нервите или повреди. Проблемот може лесно да се реши со операција, познато е дека многу ѕвезди ги „затегнуваат“ очните капаци, но не секој може да си ја дозволи оваа естетска процедура.

За среќа, нема потреба да трошите многу пари и да поминете низ тој болен процес, бидејќи очните капаци можете да ги третирате на природен начин.

Тајната состојка зад чудотворниот третман е едно јајце. Луѓето користеле јајца во многу природни лекови за сите возрасти и јајцата навистина можат да помогнат во подобрување на вашиот изглед.

Отстранете ја шминката од лицето, исчистете го лицето темелно и добро исушете.

Одделете ја жолчката од едно јајце бидејќи за овој третман ви се потребни само белките. Белките нанесете ги директно на очните капаци со памук. Не дозволувајте да влезат во окото. Оставете ги белките на очните капаци додека не се исушат. Измијте го лицето со млака вода и исушете го со крпа.

Користете ги белките секој ден и ќе видите неверојатни резултати за само 2–3 дена.



| | НАШ КОМПОЗИТОР И ГИТАРИСТ, НА ФОТОСОТ | ВООРУЖЕНА ПРИДРУЖБА НА ПОЗНАТА ЛИЧНОСТ, СВИТА | ОТСКОКАЊЕ ОД НЕШТО; ОТСКОКНУВАЊЕ | ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ, ФЕЛИКС | СРЕДСТВО ЗА ОРАЊЕ | ПРИСПОСОБУВАЊЕ, АКОМОДАЦИЈА | ПОЧЕСЕН ПРЕКАР НА СУЛТАНОТ МЕХМЕД II, ГО ОСВОИЛ ЦАРИГРАД 1453 ГОД. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СТРУЧЊАК ЗА ГЕОГРАФИЈА | | | | | | | | | | | | |
| БИНА, СЦЕНА, ПОДИУМ | | | | | | | | | | | | |
| СОЛ НА ОКСАЛНА КИСЕЛИНА (ХЕМ.) | | | | | | | | | | | | |
| ПРАВЕЦ ВО МУЗИКАТА | | | | ГРАД ВО ИТАЛИЈА / ИЛЈАДИТИ ДЕЛ ОД ЕДЕН БАР (ФИЗ.) | | | | | | | | |
| РОВЈА, ВЕДА, МОЛЊА | | | | | ТОМ ХЕНКС / ИМЕТО НА ХОЛАНД. СЛИКАРОТ МАС | | | | | | | |
| РУСКА АТЛЕТИЧАРКА, МАРИЈА | | | | | | | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ПОРАНЕШЕН АВСТРИСКИ СКИСКОКАЧ | | | | | |
| ШАРЛ АЗНАВУР | | | ПЕРСОНА / КАМИЛО ЗИТЕ | | | | | ЕДЕН ОД СИНОВИТЕ НА ЈАКОВ, ГЛАВАТОР НА ПЛЕМЕТО КОЕ ГО НОСЕЛО НЕГОВОТО ИМЕ (СПОРЕД БИБЛИЈАТА) | ЦАР НА СТАРОИНДИСКАТА ДРЖАВА МАГАДА (273-232 П.Н.Е.) | ЧУВСТВИТЕЛНО, СЕТИЛНО, СЕНЗУАЛНО | АРТИСТОТ МОНТАН | ПОРАНЕШЕН ИТАЛИЈАНСКИ ФУДБАЛЕР, ПАОЛО |
| АВСТРИЈА | | КИКИРИШКА (НАР. ПОЕЗ.) / КРИВА ЛИНИЈА, ГИ ПОКАЖУВА ТЕМПЕРАТУР. ПРОМЕНИ | | | | | | ПРАЖИТЕЛ НА ИТАЛИЈА | | | | |
| ТЕШКА КРАЖБА, РАЗБОЈНИЧКО ДЕЛО | | | | | | | | | | | | |
| АРТИСТОТ ХАРИС | | | ДЕМОН НА ОДМАЗДАТА ВО СТАРОГРЧ. ТРАГЕДИИ / "ЕВРОПСКА УНИЈА" | | | | | | | | ШВЕДСКА / "МЕТАР-ТОН-СЕКУНДА" | |
| ПЛАНИНСКИ ВЕНЕЦ, ПЛАНИНСКА ВЕРИГА (ШПА.) | | | | | | ЈАПОНСКИ ПИСАТЕЛ, ДУН / СИНГУЛАР (ГРАМ.) | | | | | | |
| ГРАД ВО ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА | | | | ВЛАСТ НАД СЕ (СИОТ), ПОЛНА ВЛАСТ / ПЕЈАЧОТ ЛУКАС | | | | | | | | ТОЛКУВАЧ НА КОРАНОТ КАЈ МУСЛИМАНИТЕ |
| ИВО АНДРИЌ | | | АНГСТРЕМ / ЧУДО (АРХ.) | | ТИТУЛА НА НЕКОГАШНИ. АЛЖИР. УПРАВНИЦИ / "ИСЛАМ. РЕПУБ. МАВРИТАНИЈА" | | | | МАРКА ГЕР. АВТОМОБИЛИ / ПАРИ. ЕД. ВО КАМПУЧИЈА | | | |
| СРЕДНОВЕКОВЕН ЛУКСУЗЕН БРОД / АРТИСТКАТА ДАНАВЕЈ | | | | | | | | | | | ЛИТАР / БЛАЖЕНСТВО | |
| НАЗИВ ЗА СИТЕ ГРЦИ ВО ТУРЦИЈА (ПО КВАРТОТ ФАНАР) | | | | | | | | | | МУЗИЧКА НОТА / ЛИТИУМ | | |
| ПОКАЗНО ЗБОРЧЕ | | | | "МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ" / ЕНЕРГИЈА | | | | СТАРА ДРЖАВА ВО АЗИЈА, СЕВ. ОД РЕКАТА ТИГАР / РАДИУС | | | | |
| МЛАДО ОД КОЗА | | | | | БЛАГОСЛОВЕН, СРЕКЕН (РАЗГ.) И КАКО ПРИЛОГ: СРЕКНО | | | | | | | |

Решенија: види стр. 19

# „Бев како чудовиштето на Франкенштајн“

**Украинска манекенка и тв-водителка за „Плејбој“ раскажа како се соочила со своето лице откако го загубила окото во војната**




Сопругата на украински политичар се врати по застрашувачкиот обид за атентат кој ја чинеше око, за да се појави на насловната страница на магазинот „Плејбој“ во метални бикини.

**Ирина Билоцерковец** - манекенка, ТВ-водителка и сопруга на украински политичар настрада само три дена откако Русија ја нападна Украина, кога нејзиниот автомобил бил опсипан со куршуми во главниот град Киев. Сопругот на Ирина е помошник на градоначалникот на Киев, со што ја прави пресметана цел на проруските сили кои отвориле оган, оставајќи ја да се чувствува како „чудовиште на Франкенштајн“.

На 26 февруари 2022 година Ирина ги возела своите три деца кон нивната семејна куќа во населба во Киев, кога нејзиниот автомобил бил погоден од истрели. За нападот таа вели дека се сеќава само на силната болка во главата.

По страшниот напад, Ирина била итно пренесена преку границa во болница во Берлин, каде што била подложена на неколкумесечно интензивно лекување и реконструктивна операција. Имала четири операции.



Зборувајќи за првиот пат кога се видела себеси во огледало по третманот, таа вели: „Немав око, цевчиња излегуваа насекаде, коса избричена од операцијата, шевови, лузни, рани насекаде; јас бев просто чудовиштето на Франкенштајн. Вилицата ми беше скршена како гранче“.

За “Плејбој“ понатаму вели: „Не беше прашање да ја зачувам мојата убавина, туку беше прашање дали ќе живеам или не. Лекарите во Украина рекоа дека веројатно ќе умрам. Не го прифатив тоа, а ни мојот сопруг." И додава: „Сега повеќе немам убаво лице, но остатокот од моето тело е прекрасен“.

Позирајќи во футуристички метални бикини за легендарниот гламурозен магазин “Плејбој“, Ирина воопшто не изгледа како чудовиштето на д-р Франкенштајн.

Таа беше претставена во списанието како една од хероините на изданието за „Жените кои остануваат силни“, кое е „посветено на издржливоста на Украинките кои биле повредени за време на војната, но кои не ја изгубиле жедта за живот и се пример за сила и мотивација“.

Издавачот вели дека приходите од списанието ќе бидат донирани за итна медицинска опрема за украинската армија. Кога избувна војната, украинскиот “Плејбој“ престана да излегува како физичкото списание и продолжи да работи исклучиво онлајн, а приходите одеа за купување амбулантни возила за армијата.

# Почна најголемото уривање брана во историјата на САД

Најголемиот проект за уривање брана во историјата на САД е во тек долж границата на Калифорнија со Орегон – процес што ќе заврши до крајот на следната година со помош на тешка механизација и експлозиви. Но, на некој начин, отстранувањето на браната е полесниот дел. Тешкиот дел ќе дојде во текот на следната деценија бидејќи работниците, во партнерство со домородните американски племиња, садат и надгледуваат речиси 17 милијарди семиња додека се обидуваат да ја вратат реката Кламат и околната земја на она што беше пред да се кренат браните пред еден век.

Уривањето е дел од националното движење за враќање на природниот тек на реките и враќање на живеалиштата за рибите и екосистемите што го одржуваат другиот див свет. Повеќе од 2.000 брани се отстранети во САД до февруари годинава, а најголемиот дел од тие се срушени во последните 25 години, според групата за застапување „Американски реки“.

Отстранувањето на четири хидроелектрични брани долж реката Кламат е најголемиот триумф на движењето и неговиот најголем предизвик. Кога ќе заврши уривањето, до крајот на следната година, повеќе од 640 километри река ќе бидат отворени за загрозените видови риби и други диви животни.

Проектот ќе испразни три резервоари на околу 9 квадратни километри во близина на границата Калифорнија-Орегон, изложувајќи ја почвата на сончева светлина на некои места за првпат по повеќе од еден век. Во изминатите пет години, индијанските племиња рачно собираа семиња и ги испраќаа во расадници со планови да го посеат семето покрај бреговите на новата дива река. Хеликоптерите ќе донесат стотици илјади дрвја и грмушки за засадување покрај бреговите, вклучително и кори од дрвја за да создадат живеалиште за рибите.



# Како да се изгаси пожар на електрично возило?

**Не е толку едноставно како што се мисли**



Се повеќето електрични возила на патиштата неизбежно води до се повеќе несреќи во кои се вклучени такви возила. И тука не станува збор само за целосно електрични возила, како што се автомобили или електрични скутери и велосипеди, туку и хибридни возила, кои освен електричен имаат и класичен погон.

Меѓутоа, проблемот со кој се соочуваат пожарникарите во последните години е – како да се изгаснат ваквите пожари? За разлика од пожарите кај возилата на бензин или дизел, пожарите на електричните возила вклучуваат големи литиум-јонски батерии кои не е толку лесно да се изгаснат.

Зошто батериите толку тешко се гасат? Одговорот не е толку едноставен. Всушност, повеќето од големите батерии во електричните возила се состојат од многу ќелии кои се меѓусебно поврзани и ставени во водонепропуслива, огноотпорна кутија. Тоа значи дека доколку избие пожар во друг дел од возилото, батеријата не треба да биде загрозена. Не треба, бидејќи вистинскиот проблем настанува доколку се запали една од ќелиите во самата батерија.

Поради својата конструкција и хемиските реакции кои се случуваат во нив, секоја мала ќелија е всушност мал експлозив кој произведува неверојатно количество гас и топлина во рок од неколку десетини од секундата. Егзотермичката реакција што се јавува не бара кислород за да продолжи да гори, а штом експлодира една ќелија, домино ефектот се пренесува на другите.

Со оглед на брзината со која се случува тоа, оној кој сака да го изгасне пожарот нема многу избор. Не е можно самиот оган да се изгасне во внатрешноста на ќелиите, туку потребно е да се запре преносот на топлина на околните материјали со директно ладење. А за тоа е потребна ладна вода. Многу ладна вода. Според некои проценки на пожарникарите, потребни се 11.000 литри вода за да се изгасне една батерија во електричен автомобил. Само за споредба, една противпожарна цистерна има волумен од 2.000 до 2.500 литри вода.

Затоа, пожарникарите можат да го изгаснат пожарот на батеријата само ако се приближат доволно брзо и доволно блиску до почетокот на пожарот, кога батеријата се уште може да се изолира од самиот оган. Имено, пожарникарите потоа можат да ја исклучат батеријата преку прекинувачи или со сечење на каблите, за автомобилот да не биде под напон.

Со оглед на тоа дека батериите можат да горат два дена, нивното гаснење со вода не е најефикасен начин. Дури и кога главниот пожар е изгаснат, потребно е батеријата да се лади со часови за да не се обнови пожарот. Затоа пожарникарите, доколку имаат можност, го користат специјализираниот агенс Ф-500 (вид повеќенаменско средство за заштита на животната средина и високо ефективно средство за гаснење, згора на тоа се нарекува и средство за ладење, овлажнител, средство за чистење, средство за отстранување чад и прашина, средство за контрола на истекување).

Понекогаш, признаваат пожарникарите, најдобро и наједноставно решение е да оставите да изгори. Секако, треба да се внимава пожарот да не се прошири на околината, другите автомобили и слично.

# Лек за уништување на сите цврсти видови рак започна да се тестира на луѓе

Американски научници развиле лек во форма на таблетка, кој при претклиничките тестови ги уништил сите цврсти видови на рак и ги оставил здравите клетки непроменет.

Научниците од „Сити на Хоуп“, една од најголемите американски организации за истражување и третман на ракот, објавија студија во која се детално опишани првите резултати од тестирањето „таблетки за уништување на ракот“ АОН1996.

Лекот ја таргетира канцерогената варијанта на размножувачки клеточен нуклеарен антиген (PCNA) – протеин кој во својата мутирана форма, е „клучен во репликација на ДНК и поправка на сите тумори кои се шират“.

Истражувањето покажало дека АОН1996 може да го сузбие растот на туморот во клеточните и животинските модели, а првата фаза од клиничките испитувања на луѓе е во тек.

Таблетката се покажала како ефикасна во третманот на клетките кои потекнуваат од ракот на дојката, простата, мозокот, јајниците, грлото на матката, кожата и белите дробови.

Тестиран е на повеќе од 70 клеточни линии на рак и е откриено дека селективно ги убива канцерогените клетки со нарушување на нормалниот репродуктивен циклус на клетките, според истражувачкиот центар.

# Маск порача: Ако на работа имате проблеми поради објави на Х, ние ќе ви ги покриеме правните трошоци



Илон Маск кажа дека Х, порано позната како Твитер, ќе им ги покрие правните трошоци на сите оние кои ќе имаат проблеми на работа поради нивната активност на оваа социјална мрежа. Тој додаде дека финансиската поддршка од неговата платформа нема да има ограничувања.

„Слободно известете ме доколку сте искусиле неправеден однос на работа поради некоја ваша објава или лајк“, им порача Маск на корисниците на Х.

Маск се опишува себеси како апсолутист на слободата на говорот и беше гласен критичар на поранешните политики на уредување на содржините на Твитер.

„Слободата на говорот е темелот на функционална демократија, а Твитер е дигитален плоштад каде што се дебатира за теми витални за иднината на човештвото“, кажа Маск по преземањето на компанијата во април минатата година.

# НЕДЕЛЕН ХОРОСКОП

**ОВЕН 21.3. - 20.4.**
**Љубов:** Семејната хармонија значи да си обезбедите малку мир. Иако важите за страстен знак, нема да копнеете по авантури.
**Работа:** Ова е период кој долго сте го чекале и совршено им одговара на оние што очекуваат поголема сума на пари.
**Здравје:** Намалете ги оброците.

**БИК 21.4. - 21.5.**
**Љубов:** Можен е флерт кај оние што се во врска, па бидете внимателни.
**Работа:** Ќе бидете подготвени да искористите некои можности за кои не сте биле многу заинтересирани претходно.
**Здравје:** Добро се чувствувате и имате енергија.

**БЛИЗНАЦИ 22.5. - 21.6.**
**Љубов:** Премногу сте комотни во љубовта, очекувате постојано да ви се простува.
**Работа:** Ќе имате разговор од кој би можеле да извлечете нешто добро за себе, но вие како да не сте поставени јасно во ситуацијата која не ви одговара сосема.
**Здравје:** Генерално сте добро.

**РАК 22.6. - 22.7.**
**Љубов:** Внимавајте да не бидете иницијатор на некој непријатен разговор поради нешто што сте слушнале, а не сте го провериле.
**Работа:** За повеќето припадници на знакот оваа седмица е конструктивна. Оние што се во приватниот бизнис ги очекува добивка.
**Здравје:** Можна е мала настинка.

**ЛАВ 23.7. - 22.8.**
**Љубов:** Оваа седмица е поволна за секој вид незадолжително дружење, не затоа што некој вистински ви се допаѓа.
**Работа:** Може да ги испровоцирате блиските соработници со својот привидно опуштен став, иако всушност тоа е маска зад која се кријат големи амбиции.
**Здравје:** Можни се мали проблеми со синусите.

**ДЕВИЦА 23.8. - 22.9.**
**Љубов:** Заинтересирани сте и ќе бидете подготвени да го направите првиот чекор за да се запознаете.
**Работа:** Вашата способност да ги убедите другите во она што го сакате може да биде нагласена. Гледајте напред и без нереални амбиции.
**Здравје:** Внимавајте на повреди.

**ТЕРЕЗИЈА 23.9. - 22.10.**
**Љубов:** Ќе имате можност отворено да разговарате со личност со која до неодамна сте биле во тензични односи.
**Работа:** Нешто што сте мислеле дека би можеле да го изгубите, било како шанса или како пари, ќе го добиете.
**Здравје:** Уморни сте, а тоа води до анксиозност и несоница.

**СКОРПИЈА 23.10. - 21.11.**
**Љубов:** Верувате во искреноста на личноста која ви ветила заеднички пат. Немојте да инсистирате на ништо што не е реално.
**Работа:** Ако добиете шанса за хонорарна работа, ќе бидете задоволни со заработката.
**Здравје:** Одвојте време за прошетки.

**СТРЕЛЕЦ 22.11. - 21.12.**
**Љубов:** Некој се обидува да ве освои на оригинален начин. Можен е флерт со некој кој ви е исклучително драг.
**Работа:** Од вашата упорност и способност зависат многу нешта. Можни се добивки на кои не сте сметале.
**Здравје:** Акутните проблеми решавајте ги на лекар.

**ЈАРЕЦ 22.12. - 20.1.**
**Љубов:** Нема да ги толерирате критиките на партнерот на ваша сметка.
**Работа:** Обидете се да бидете трпеливи со колегите, но и со навите деловни партнери бидејќи престојат значајни промени на кои ќе мора да се навикнете.
**Здравје:** Внимавајте на стомакот.

**ВОДОЛИЈА 21.1. - 18.2.**
**Љубов:** Обидете се да му бидете потпора на партнерот и немојте да давате забелешки без поголема потреба.
**Работа:** Ќе успеете да постигнете што сакате ако добро го организирате времето. Ова ќе биде поволна седмица за финансиите.
**Здравје:** Некои хронични сезонски здравствени проблеми.

**РИБИ 19.2. - 20.3.**
**Љубов:** Можна е врска со некој кој и можел да биде причина за ваша вознемиреност.
**Работа:** Нема да сакате да влезете во некој ангажман иако ви се нуди и ви изгледа примамливо. Насочете ја енергијата кон една работа.
**Здравје:** Потребна ви е промена.

# Телото предупредува кога недостига нешто клучно во исхраната

Телото вообичаено испраќа предупредување кога нешто му недостига во исхраната, за да се одржи нормалното функционирање.



### Крвавење на непцата

Тоа може да биде знак за многу нешта, вклучително и гингивитис, но и грубо четкање или чистење со конец. Меѓутоа, неодамнешна анализа открила дека крвавењето на непцата може да биде и знак на недостиг на витамин Ц. Затоа се препорачуваат пиперки и брокула, а и овошја како портокали, папаја и бобинки.

### Запек и надуеност

Тегоби како овие може да укажуваат на недоволен внос на вода и влакна. Запекот може да се намали ако се внесат потребните количини влакна и течности во исхраната. Препорачаните количини влакна се меѓу 25-35 грама дневно од извори како што се овошје, зеленчук, јаткасти плодови, семки, житарки.

Покрај влакната, хидратацијата е клучна компонента за влошување на запек.

### Губење на косата

Оваа појава може да е поради неколку причини. Може да биде генетска или предизвикана од хормонски проблеми… Неодамна имаше извештаи за луѓе кои закрепнале од кјовид-19, а искусиле губење на косата. Тоа може да биде несакана последица од лековите, проблеми со тироидната жлезда или други здравствени проблеми. Губењето на косата може да укаже и на можен недостаток на протеини и есенцијални масни киселини. Советот на лекарите гласи – сосредоточете се на ниско масни протеини и омега-3 масни киселини.

### Црвена кожа

Неодамнешно истражување од Универзитетот на Калифорнија покажа дека типичната западна исхрана (богата со преработени масти, шеќер и со низок внос на цели зрна, овошје и зеленчук) причинува појава на воспаление на кожата.

И претходните истражувања покажаа поврзаност со дебелината и состојбата што се манифестира како сува, нерамна и лушпеста кожа. Сепак, новото истражување посочува дека и симптомите на псоријаза може да се појават со лоша исхрана, многу пред промените во тежината. Тука се препорачува разновидна храна, влакна и ограничени заситени масти.

### Рани кои бавно зараснуваат

Недостатокот на витамини Б во исхраната може да доведе до бавно зараснување рани по вообичаена мала повреда. За поголем внос на овие витамини се јадат цели житарки, помалку масно месо, јајца, мешунки и плодови од зелениот зеленчук.

Квалитетот на исхраната може да помогне за намалување на опасноста од хронични болести, по здравјето на црevата и тежината. Следниот пат кога ќе се појави некој од гореневедените симптоми, прегледајте внимателно што јадете, советуваат лекарите.

## РЕШЕНИЈА

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 9 | 3 | 1 | 5 | 4 | 8 | 2 | 6 |
| 4 | 6 | 1 | 3 | 8 | 2 | 5 | 7 | 9 |
| 8 | 5 | 2 | 6 | 7 | 9 | 4 | 1 | 3 |
| 3 | 7 | 8 | 4 | 9 | 1 | 6 | 5 | 2 |
| 5 | 1 | 9 | 7 | 2 | 6 | 3 | 8 | 4 |
| 2 | 4 | 6 | 5 | 3 | 8 | 7 | 9 | 1 |
| 9 | 2 | 5 | 8 | 4 | 3 | 1 | 6 | 7 |
| 1 | 3 | 7 | 9 | 6 | 5 | 2 | 4 | 8 |
| 6 | 8 | 4 | 2 | 1 | 7 | 9 | 3 | 5 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 2 | 8 | 6 | 3 | 9 | 7 | 5 | 1 |
| 5 | 1 | 3 | 7 | 8 | 2 | 6 | 9 | 4 |
| 6 | 7 | 9 | 1 | 4 | 5 | 8 | 2 | 3 |
| 1 | 5 | 2 | 4 | 7 | 3 | 9 | 8 | 6 |
| 8 | 6 | 4 | 2 | 9 | 1 | 3 | 7 | 5 |
| 9 | 3 | 7 | 5 | 6 | 8 | 1 | 4 | 2 |
| 2 | 9 | 5 | 8 | 1 | 6 | 4 | 3 | 7 |
| 7 | 8 | 6 | 3 | 5 | 4 | 2 | 1 | 9 |
| 3 | 4 | 1 | 9 | 2 | 7 | 5 | 6 | 8 |

**КРСТОЗБОР 16:** РЕНДГЕН, ИТА РИНА, ЧЕХИЗАМ, А, ИНАКУ, РАЈА, ИР, ДНА, СТТ, ГА, АМИЕ, ДАБ, ВИТАРА, Н, ПРОСТРАНСТВО, ИЛКО, СЕЛЕРС, Ш, ВЕРН, КАНАТ, АТАЛ, ИМУНО, ЛА, ЕСКИМ, СПА, ИНСТРУМЕНТАЛ, ТКО, ЕЛИНИ, ТИ, РЕНЕ ДЕКАРТ, Б, АР, КАЦА, СОЧИ.

**КРСТОЗБОР 17:** ГЕОГРАФ, ЕСТРАДА, ОКСАЛАТ, РОК, ОПИ, ГРОМ, ТХ, ИТКИНА, ША, ЛИЦЕ, А, КИКИР, АСИР, РАЗБОЈНИШТВО, ЕД, АЛАСТОР, С, СИЕРА, ТАКАМИ, КЈУ, СЕВЛАСТ, ИА, А, ДЕИ, НСУ, БУЦИНТОРО, Л, ФАНАРИОТИ, РЕ, ЕТЕ, МНР, ЕЛАМ, ЈАРЕ, АИРЛИЈА.

# Знаци кои јасно покажуваат имате недостаток од витамин Б6 во организмот

Витаминот Б6 е многу важен за здравјето. Тој помага во производството на црвени крвни зрнца, ја претвора храната што ја консумираме во енергија и придонесува за подобрување на расположението.

Во комбинација со други витамини и минерали, ја поддржува функцијата на црниот дроб, крвните клетки, кожата, очите и нервниот систем. Витаминот Б6 исто така го зајакнува нашиот имунитет, со што не штити од потенцијални болести и инфекции.

Од друга страна, доколку ни недостасува овој витамин, може да настанат сериозни здравствени проблеми, поради што е неопходно да се реагира уште на првите симптоми. За среќа, постојат неколку знаци кои јасно покажуваат дека можеби страдаме од недостаток на витамин Б6. Тоа го подразбира следново:

- чешање на кожата
- црвенило на кожата
- нагли промени во расположението
- конфузија
- болка во мускулите
- рани во устата и околу усните
- испукани усни
- недостаток на енергија, летаргија
- главоболки
- трнење во рацете и нозете

Во случај недостатокот на овој важен витамин да не се препознае на време, експертите предупредуваат дека може да се појават невролошки нарушувања како Паркинсонова или Алцхајмерова болест, хронична депресија, разни кожни проблеми, опаѓање на косата и нарушувања на крвта.


Проучувајте ја **БИБЛИЈАТА** по дописен пат и во 24 **ЛЕКЦИИ** дознајте што кажува таа за:




- Смислата на животот
- Верата во Бога.
- Тајната за градење среќно семејство
- Пророштвата на нашево време
- Десетте Божји заповеди...
- Потеклото на злото...
- Здравиот начин на живот...

и многу други теми со извонредна важност!

Доставете ми ги бесплатните лекции на студискиот курс на Дописната библиска школа - „СЛАВНИТЕ ВИСТИНИ НА БИБЛИЈАТА" на

❒ МАКЕДОНСКИ ❒ АНГЛИСКИ

(Заокружете го квадратчето покрај јазикот на кој сакате градивото да ви биде испратено)

Име и презиме: ____________________

Адреса: ____________________

Потпис: __________ Телефон: __________

DOPISNA BIBLISKA SKOLA
252 Gordon St, Footscray VIC 3011

нашата адреса

ПМФЛ:

# Вардар со пораз се врати во елитата, Работнички го "шокираше" Шкупи



Стартуваше новата сезона во Првата македонската фудбалска лига (ПМФЛ).

Екипата на Работнички со голема победа го започна новиот шампионат, откако во последниот натпревар од воведното коло со сигурни 3:1 (1:0) го совлада фаворизираниот Шкупи. „Романтичарите" уште на самиот старт дојдоа до посакуваната водство, а откако чаирчани израмнија на почетокот на вториот дел, во финишот од натпреварот Мурати и Стојановски беа на висината на задачата и донесоа значајни три бода на контото на својот тим.

Повратникот Вардар гостуваше во Струмица, каде загуби од Брера со 1:0, со голот на Крстевски во вториот дел, поточно во 58. минута. Фановите на Вардар со нетрпение ја исчекуваа првата победа, но повратникот во елитата започна со пораз.

Од останатите натпревари Брегалница во Штип го совлада Силекс со 2:1, Струга ТЉ на домашен терен беше подобра од екипата на Гостивар со 2:0.

Тиквеш исто така оствари победа на домашен терен, против „лавовите" од Горче со минималец, додека Воска на домашен терен ја пречека Шкендија, а гостите ги однесоа бодовите (0:1).

Интересно беше тоа што во првото коло од ПМФЛ на натпреварите имаше дури четири црвени картони, а судејќи според то, ова ќе биде „плодна" сезона за судиите и нивните картони.

# Струга ТЉ треба да биде задоволна од ждрепката, има отворен пат кон групите од КЛ

Македонскиот шампион, Струга ТЉ го дозна можниот противник за плеј-офот од Конференциската лига каде ќе се најде доколку го помине Есперанж од Луксембург.

Доколку Струга стигне до плеј-офот, таму ќе игра со поразениот од мечот меѓу Зрињски од Босна и Херцеговина и Бреидаблик од Исланд.

Првите мечеви од плеј-офот за Конференциската лига се играат на 24 август, а реваншите се седум дена подоцна.

За да дојде до таму, Струга претходно треба да го елиминира Есперанж од Луксембург. Двобојот почнува во четврток (денес) во Скопје.



# Јапонско засилување за ФК Гостивар




27-годишниот јапонски фудбалер, Масаки Такахара е ново засилување за македонскиот прволигаш Гостивар.

Се работи за фудбалер кој игра на левата крила позиција. Тој доаѓа од германскиот четвртолигаш Тургкучу.

Потекнува од клубот Шизугаку, а потоа игра низ германски клубови од пониските лиги, никогаш погоре од четвртата лига.

# Ја докажа својата невиност по скандалот за силување, а сега бара огромна отштета од Сити



Поранешниот дефанзивец на Манчестер Сити, Бенжамин Менди, преку своите адвокати достави барање за парична компензација од клубот, поради суспензијата што ја доби додека ја докажуваше својата невиност во обвинениата за повеќекратни силувања, јавува „Л'Екип".

Фудбалерот не смееше да тренира со тимот и беше исклучен од сите активности на „граѓаните", но откако судот ги отфрли сите обвиненија против него, тој се реши да си ги побара сите неисплатени плати кои му следуваа со важечкиот договор.

Менди стана слободен човек на 14 јули, а набргу потоа потпиша со францускиот прволигаш Лориен, кој му понуди договор со траење до 2025 година. Играчот скоро две години не беше во тренажен процес, па останува да видиме во каква форма ќе ги пречека предизвиците во Лига 1.

Адвокатите на Менди имале средба со челниците на Манчестер Сити и побарале отштета во износ од околу осум милиони евра. Тука се вклучени сите плати, плус бонусите кои тимот ги активираше со освојувањето на сите титули минатата сезона. Англиските медиуми пишуваат дека ситуацијата за Сити е комплицирана, затоа што клубот сега по ниеден основ не може да не ја исплати оваа сума. Се претпоставува дека двете страни ќе се договорат за помал износ, но сумата што Менди би ја добил, не би била помала од четири милиони евра.

29-годишниот фудбалер беше вмешан во еден од најголемите скандали во Англија и беше обвинет за силување на повеќе од петнаесет девојки. Тој изјави дека потрошил огромни средства за неговата одбрана и сега очигледно сака да „наплати" од неговиот поранешен клуб, кој немаше доверба во него и веднаш го исклучи од првиот тим.

Бенжамин Менди кариерата ја започна во Ле Авр, а потоа играше уште за Олимпик Марсеј, Монако и Манчестер Сити. Со потписот за Лориен, Французинот се враќа во родната земја после шест години.

МАКЕДОНСКО - АНГЛИСКИ
АНГЛИСК0 - МАКЕДОНСКИ
РЕЧНИЦИ

*Можете веднаш да си купите двонасочен "Македонско-англиски и англиско-македонски речник" со граматика. Над 100.000 зборови, 956 страници. Испорака за 5 дена.*




ПОРАЧКА

Од: ______________________

Улица: ______________________

Населба: ______________________

Пост код: ______________________

Телефон за контакт: ______________________

Порачувам "Македонско–англиски, англиско–македонски речник" со чек/мани ордер на $99 GST inc. (во цената е вклучена и поштарината). Порачката и чекот/мани ордерот да се испратат до **A.E.A. Ethnic Publishers, P.O. Box 544, Thomastown, Vic. 3074.**

ВАРАН ЗА НОВИТЕ ПРАВИЛА:

# Зошто никој не не слуша? Овие промени ја уништуваат нашата игра



Членот на Манчестер Јунајтед, Рафаел Варан јавно ја искритикува ФА во врска со новите правила.

Во новата сезона ќе гледаме поголеми судиски продолженија, ќе биде надокнадено секое изгубено време, поточно ќе имаме ситуација слична на Светското првенство во Катар.

Секој гол, прослава ќе значи плус време за играње, ако на ова се додадат повредите и некои ситуации кога играчите сакаат да помине време тогаш е јасно дека ќе имаме доста ситуации во кои продолженијата ќе бидат и двоцифрени.

- Имавме состанок минатата недела со ФА. Тие им препорачаа на судиите нови одлуки и правила. Од менаџерите и играчите веќе долги години ја споделуваме нашата загриженост дека има премногу натпревари, распоредот е пренатрупан и е на опасно ниво за физичката и менталната благосостојба на играчите.

И покрај нашите претходни повратни информации, тие сега препорачаа за следната сезона: подолги игри, поголем интензитет и помалку емоции што треба да ги покажат играчите. Ние само сакаме да бидеме во добра состојба на теренот за да дадеме 100% на нашиот клуб и навивачите. Зошто нашите мислења не се слушаат?

Како играч се чувствувам многу привилегиран да ја работам работата што ја сакам секој ден, но чувствувам дека овие промени ја оштетуваат нашата игра. Сакаме да бидеме на нашето максимално ниво, најдобро што можеме и да имаме неверојатни перформанси за да навивачите слават секоја недела.

Веруваме дека е важно ние, играчите и менаџерите, да ги истакнеме овие важни прашања бидејќи сакаме да ја заштитиме играта што ја сакаме и да им го дадеме на навивачите најдоброто од себе - порача Варан.

Замерки за ова имаше и менаџерот на Манчестер Сити, Пеп Гвардиола.

# Интер за само шест милиони евра ја доведе замената за Онана, Баерн се кае




По заминувањето на тројцата голмани од минатата сезона, европскиот вицешампион Интер доведе чувар на мрежата.

Интер ја пополни празнината на голот со заминувањето на Андре Онана, откако потпиша со Јан Зомер. Репрезентативниот голман на Швајцарија дојде од Баерн во трансфер вреден шест милиони евра. Италијанскиот клуб направи многу добар визнис, особено ако се погледне финансиската страна, бидејќи потроши само мал дел од она што го доби за Онана.

Истовремено германски “Билд“ пишува дека веќе утредента по склучувањето на зделката Баерн зажалил што го продал Сомер бидејќи добил информација оти Нојер нема да се врати на теренот така брзо, бидејќи искусниот голман има нови проблеми со коленото. Мора да оди на операција, а Баерн веруваше дека ќе се врати на теренот за неколку недели, но лекарите рекоа дека закрепнувањето ќе трае неколку месеци и според се, Нојер ќе може да се врати на головите дури на почетокот на следната година.

Во Баерн сега се во паника бидејќи Свен Улрајх е единственото решение за голманската позиција и јасно е дека воопшто не се задоволни со тоа. Како што пишува “Билд“, веќе се каат што го продале Сомер, но сега е доцна за такви работи.

КИН ЗА НАЈСКАПОТО ЗАСИЛУВАЊЕ НА АРСЕНАЛ:

# Платија премногу за него, не вреди 100 милиони фунти!



Арсенал доведе неколку имиња во овој летен преоден рок се со цел да биде подобар, поквалитетен во новата кампања, поточно да се обиде да освои титули.

Најскапото засилување за „топчиите“ беше англискиот репрезентативец Деклан Рајс за кого беа платени над 100 милиони фунти. Тоа е голема сума на пари за играчот кој досега го носеше дресот на Вест Хем, играч кого легендарниот Рој Кин го цени, меѓутоа според него неговата вредност е далеку помала од тоа што Арсенал го издвои за него.

- Очигледно тој ќе биде опкружен со подобри играчи, различни барања. Ако игра малку повисоко на теренот, мислам дека дефинитивно го има тој квалитет во однос на постигнувањето повеќе голови, очигледно ја има таа физичка сила, може да влезе во шеснаесетникот.

Тие платија премногу за него. Тој сигурно не вреди над 100 милиони фунти! Но е навистина добар играч. Колку е навистина добар, ќе дознаеме во текот на наредната година или две. Се појавува секоја недела, тој е големо силно момче. Зборувавме за таа физикалност, тоа им недостигаше во последните месец-два. Дали го има тој врвен квалитет во поглед на асистенции и постигнување девет или 10 гола? Наскоро ќе дознаеме, кажа Кин.

НОВА ПОНУДА ОД АЛ ХИЛАЛ:

# За Осимен 200 милиони евра, за Наполи 150 милиони!



Ал Хилал и тоа како има намера да го ангажира Виктор Осимен, најдобриот фудбалер на Наполи и еден од најдобрите напаѓачи во светот.

Досега Ал Хилал испраќаше две понуди до Аурелио Де Лаурентис, но и двете беа одбивани. Првиот човек на италијанскиот шампион не се задоволуваше со 120 и 140 милиони евра отштета, па сега клубот од С Арабија како да ја менува тактиката.

Имено на Нигериецот му нуди 200 милиони евра за петгодишен договор, и кога ќе ги договори личните услови со него ќе бара од Осимен тој да направи притисок кај својот клуб од Неапол да биде пуштен и тоа со отштета не помала од 150 милиони евра која би му припаднала на Наполи.

ХРВАТСКИТЕ ХУЛИГАНИ НАПРАВИЈА ХАОС ВО АТИНА:

# Повредени осум навивачи, еден е мртов, а девојче се бори за живот

Дуелот помеѓу АЕК и Динамо Загреб од квалификациско коло на Лигата на шампионите (ЛШ) беше одложен поради ужасниот хаос кој се случи ноќ пред мечот на улиците во Атина, кога дојде до брутална тепачка на хрватските и грчките навивачки групи, чиј епилог засега е стотина уапсени, десетина повредени и еден загинат. Тешко повредено е и едно 12-годишно девојче кое случајно се нашла на местото на инцидентот и било удрено со камен во главата.




Без разлика на забраната за патување на гостински навивачи, фанови од Хрватска преку Албанија допатуваа во грчката престолнина и веднаш направија хаос. Според грчките медиуми, навивачите на Динамо прво се обиделе да влезат на стадионот на АЕК, а откако не успеале во тоа, почнале да дивеат низ градот.

„Повеќе од 150 хулигани на Динамо пристигнаа во Атина со колона од возила. Полицијата ги следеше во чекор, но тие на влезот од градот се раздвоиле во различни правци. Потоа се собрале во подземната железница, од каде понатаму со камења, палки, молотови коктели и други предмети ги нападнаа навивачите на АЕК, кои пиеле кафе по тренингот на нивниот клуб. Нападнати биле и обични граѓани кои се нашле на местото на случувањата. Починат е еден 29-годишник, навивач на АЕК кој прво бил прободен со нож а потоа тепан и газен“, пишува грчка „Газета“.

Навивачите на АЕК остро реагирале по што почнале уличните борби. Во жестоките тепачки повредени се најмалку осум луѓе.

Полицијата брзо реагирала и успеала да уапси 96 хрватски хулигани.

Од клубиот АЕК побараа УЕФА жестоко да го казни Динамо, односно да го исфрли од натамошните натпреварувања. Тие се лути на раководството на Динамо кои наводно знаеле дека хулиганите од БББ се дојдени во Атина за да направат хаос, а тоа не го кажале на време.



## Сменети 7 началници на атинската полиција

Главната вина се насочува кон полицијата, која според Грците морала да биде далеку подобро подготвена и запознаена со случувањата. УЕФА имаше одредено забрана за гостински навивачи, но кога стотици лица со хрватски пасоши ќе влезат во рок од 24 часа, аламот морал да биде „запален“. Дел од грчките медиуми тврдат дека полицијата имала и конкретни информации за сместувањето што било организирано за Хрватите, кои требале да спијат во просториите на фан-клубот на Панатинаикос, како и во апартмани во непосредна близина до клупските простории на ПАО.

Полицијата била информирана за доаѓањето на 150 навивачи од Хрватска, но наместо да го спречи тоа воопшто не реагирала, ниту пак го контролирала нивното движење.

Исто така, полицајците имале информација дека навивачите на АЕК ќе се соберат околу 19 часот пред стадионот, со изговор „делба на сезонските билети“. Во тој период завршил тренингот на Динамо во АЕК, по што дошло до судир меѓу двете навивачки групи, со тоа што Хрватите имале помош од фановите на Панатинаикос за време на тепачката.

Настаните во Атина напрвија УЕФА веднаш да реагира и да го одложи дуелот.

Се менува целиот распоред, така што сега Динамо ќе биде домаќин на првиот дуел, односно АЕК ќе гостува на Максимир на 15 август. Реваншот пак ќе се одигра секако во Атина четири дена подоцна, односно на 19 август.

# ПСЖ поставил цена за Нејмар, заинтересираните клубови се на потег

Нејмар веќе шест години е дел од Пари Сен Жермен, а низ скоро целиот негов престој константно има прашања, дилеми, гласини, информации за негово заминување од „Паркот на принцовите“.

Така е и изминативе денови со кои има вести од различни медиуми кои пренесуваат дека Бразилецот сака нов предизвик, нов клуб, па во исто време неговото име е побрзувано со камбек во Барселона, можна преселба во Челси, а како опција е ставена и Саудиска Арабија.

Напаѓачот има договор до 30 јуни 2025 година, па ПСЖ не би се откажал така лесно од него, поточно потребна е богата понуда за да се откаже од неговите услуги откако си замина Лионел Меси, а “виси“ и Килијан Мбапе.

Според „Скај Спортс“ францускиот првак ќе разговара за понуди меѓу 50 и 80 милиони фунти.



Нејмар во досегашната кариера има настапувано уште за Барса и Сантош.

# Арсенал потроши 30 милиони евра за да си купи – резервен голман!



Екипата на Арсенал реализира уште еден трансфер, откако од таборот на Брентфорд беше купен голманот Давид Раја (27 години), кој откако ќе ги мине лекарските прегледи ќе потпише договор до 2028 година.

Лондонци за неговиот ангажман ќе издвојат 30 милиони евра. Шпанецот пристигна во Англија како тинејџер, кога потпиша за Блекбурн во 2012 година, а потоа бранеше во Саутпорт по што пред четири години потпиша со Брентфорд. Тој беше еден од хероите на историскиот пласман во Премиер лигата, а веќе две сезони е еден од најдобро оценетите голмани во англиската елита. Ова воедно значи и сериозна конкуренција за Арон Рамсдејл, кој засега ќе ја има улогата на прв голман на „топчиите“.

Раја одлично игра со нога, што е една од главните причини зошто тренерот Артета инсистираше на неговиот трансфер.

Пред него во Арсенал пристигнаа Каи Хаверц (75 милиони евра), Деклан Рајс (116 милиони) и Јуриен Тимбер (40 милиони), што вкупно изнесува 260 милиони евра за само четири трансфери.

# Гундоан може експресно да си замине од Барселона



Илкај Гундоан е најзвучното засилување на Барселона во овој летен преоден рок, играч кој со својот квалитет, искуство треба да придонесе за уште подобри резултати на шпанскиот великан.

Германецот потпиша договор на две години со опција за уште една сезона, меѓутоа има и клаузула во истиот која му овозможува експресно да си замине од „Камп ноу“.

Имено „Спорт“ пренесува дека Барселона мора да го регистрира Гундоган до првиот меч во Примера против Хетафе закажан за 13 август. Ако тоа не се случи Илкај може да се замине без обештетувања, а притоа Барса ќе мора да му плати 10 милиони евра, плата за неговата прва сезона.

Шампионот има само 13 регистрирани играчи во Ла Лига и ќе мора да побрза со продажбата на некои играчи за да се ослободи простор, а најавена е и продажба на 16 проценти од „Барса Студиос“ за 65 милиони евра.

### ИЛАВАРА ПРЕМИЕР ЛИГА, 20 КОЛО

## Волонгонг Јунајтед - Саут Кост Јунајтед 1:0



Минимална победа над просечната екипа на Саут Кост Јунајтед, и укнижени се нови три бода. Стрелец на единствениот гол на средбата беше Митсуо Јамада во 74 минута со што го реши натпреварот.

Во недела, на 13 август, Волонгонг Јунајтед гостува кај Волонгонг Олимпик со почеток во 14:30 часот.

## Саудијците му нудат 270 милиони, а Салах ги одби!



Мохамед Салах е еден од низата фудбалери кои добија понуда кариерата да ја продолжат во Саудиска Арабија, а на Египќанецот му беа понудени сериозни пари за реализација на трансферот. Сепак, она што го кажа Салах на својот агент го зацементира неговиот статус на легенда на „Енфилд“.

Претходните денови на големо се пишуваше за тоа дека Салах на маса има неверојатна понуда од Ал-Итихад, кој претходно успеа да ги доведе Карим Бензема, Н'Голо Канте и Фабињо. Како што пишуваат англиските медиуми, Ал-Итихад на Салах му понудил тригодишен договор и неверојатна заработка до 90 милиони евра по сезона и биле сигурни дека ќе прифати, но погрешиле.

Салах преку својот агент јасно стави до знаење дека не сака да го напушти „Енфилд“ и дека сигурно ќе игра во дресот на „црвените“ и во следната сезона. Иако агентот беше за заминување во Саудиска Арабија, на крајот Салах му кажа дека нема ништо од тоа, што Реми Абас јавно го призна.

- Тој ми рече дека нема да ја прифати понудата.

Тоа го објасни на едноставен начин, велејќи дека ако размислувал да го напушти Ливерпул ова лето, тогаш сигурно немаше да го продолжи договорот со нив минатата година. Мохамед останува верен на Ливерпул, рече Абас.

Ваквиот потег на Салах ги одушеви навивачите на Ливерпул кои се свесни дека со неговото заминување би го загубиле својот најдобар играч.

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА 1 НА НЈВ, 27 КОЛО

## Бониригг Вајт Иглс – Сиднеј Македонија 2:1

Бониригг Вајт Иглс беше подобар и заслужено оствари победа со десет играчи на теренот. Од самиот почеток домаќинот тргна силно и во 5 минута преку Брад Бартелс дојде од водство од 1:0. За вториот гол не се чекаше долго, во 10 минута Зак Сфилиго зголеми на 2:0. Нашата Сиднеј Македонија успеа да намали со автоголот на одбранбениот играч Томас Вајтсајд за 2:1.

Во второто полувреме Вајт Иглс останаа со играч помалку но тоа не влијаеше на резултатот. Со освоените три бода Бониригг Вајт Иглс сега избија на чело на табелата прескокнувајќи го Хилс Јунајтед кој загуби од Сент Џорџ со 2:0.

Во недела, на 12 август, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Данбар Роверс со почеток во 15 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Бониригг Вајт Иглс | 58 |
| Хилс Јунајтед | 57 |
| Сент Џорџ | 51 |
| Кантербури Банкстаун | 49 |
| Нордерн Тајгерс | 47 |
| СД Раидерс | 46 |
| Интер Лајонс | 43 |
| Блектаун Спартанс | 39 |
| Ридалмер Лајонс | 33 |
| Дулвич Хил | 32 |
| Сиднеј Македонија | 31 |
| Макартур Рамс | 31 |
| Хакоа Сиднеј Сити Ист | 30 |
| Данбар Роверс | 28 |
| Маунтис Вондерерс | 23 |
| Централ Кост Јунајтед | 14 |



### ИЛАВАРА ПРЕМИЕР ЛИГА, 20 КОЛО

## Крингила Лајонс - Коримал 3:0

Убедлива победа на Крингила Лајонс пред домашната публика совладувајки го лесно Коримал. Стрелци на головите беа Петер Симоноски во 8` и 49`, а покрај него се запиша на листата и Стивен Угриновски во 16 минута.

Извонредна сезона за Крингила која заслужено се наоѓа на второто место оваа сезона и после долги години има одличен успех во премиер лигата на Илавара.

Во недела, на 13 август, Крингила Лајонс гостуваат кај Порт Кембла со почеток во 14:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Албион Парк Вајт Иглс | 50 |
| Крингила Лајонс | 41 |
| Волонгонг Олимпик | 39 |
| Конистон | 35 |
| Волонгонг Јунајтед | 35 |
| Булај | 32 |
| Порт Кембла | 30 |
| Хеленсбург Тистл | 27 |
| Коримал Ранџерс | 23 |
| Саут Кост Јунајтед | 14 |
| Таравана Блус | 14 |
| Беламби Розелас | 2 |



# Мбапе треба само да направи една работа и Реал Мадрид ќе понуди 200 милиони евра



Иднината на Килијан Мбапе може да биде решена во следните недели, како што пишува "Л'Екип", Реал Мадрид и Флорентино Перез чекаат сигнали од напаѓачот за да тргнат во офанзива.

Килијан Мбапе ќе треба јавно да каже дека сака да замине од ПСЖ, по што „кралевите" ќе испратат предлог вреден помеѓу 180 и 200 милиони евра.

Се очекува напаѓачот да биде изоставен од тимот на „светците" за првото коло во Лига 1 и ова да биде тригер за реакција на Килијан Мбапе, кој ќе треба да каже дека, и покрај желбата да остане во Париз, не може да се замисли себеси како седи една година на клупа, па мора да замине од „Паркот на принцовите".

# Пак против Естонија кошаркарите ќе се борат за настап на ЕП!

Македонската кошаркарска репрезентација вторпат по ред ќе го има националниот тим на Естонија како директен конкурент на патот кон пласман на континентален собир. Ждрепката посака Македонија да падне во квалификациска група за ЕП 2025 со оваа балтичка селекција, плус силната Литванија и со Полска, која ќе игра надвор од конкуренција бидејќи е еден од организаторите на овој собир.

Ова значи дека Македонија заедно со литванските и естонските кошаркари ќе води директна битка за двете места кои водат на првенството на најдобрите репрезентации на Стариот континент. Литванците дефинитивно ја имаат улогата на најголеми фаворити, што значи дека жолто-црвените ќе имаат шанса да се одмаздат на Естонците за начинот на кој не елиминираа од претходното ЕП. Тогаш прво загубивме на домашен терен, за потоа да се продолжи да се игра турнирски поради пандемијата со коронавирусот, па во Русија успеавме минимално да славиме, што, сепак, не беше доволно да се избегне последното место кое единствен не носеше виза за континенталниот собир.

Во квалификацискиот циклус ќе настапат 32 селекции поделени во осум групи, од кои по три од секоја од нив ќе се пласираат на ЕП.




Средбите ќе се одиграат во три прозорци и тоа во периодот помеѓу 19 и 27 февруари 2024 година, 18 до 26 ноември 2024 година и 17 до 25 февруари 2025 година.

# Докузовски потпиша четиригодишен договор со македонски второлигаш



Еден од најдобрите македонски стратези, Марин Докузовски договори нов изненадувачки ангажман и тоа во тим од втората кошаркарска лига.

Поранешниот македонски селектор, предводник на славната генерација која во 2011 година го освои четвртото место на ЕП во Литванија се согласил да ја води екипата на МКК Куманово во наредните четири години.

МКК Куманово е клуб кој е формиран во 2018 со цел развој и создавање на нови локални кошаркарски таленти. Со ангажманот на Марин дефинитивно ќе се зголемат амбициите и нема да биде изненадување ако за брзо време оваа екипа ја видиме во најсилната домашна кошаркарска конкуренција.

Кога е во прашање Докузовски, тој има освоено многу титули на домашната сцена, а со успех има работено во Бугарија и Косово.

# Швеѓанката Шестрем го надмина Фелпс и стана најтрофејна на мундијалите!



Шведската пливачка Сара Шестрем стана најодликуваната во историјата на светските првенства за водни спортови, без разлика на полот и без разлика на бојата на медалот, важно е само да се во поединечна категорија.

Таа стигна и до златото на 50 метри слободно, што е нејзин 21. медал во кариерата од светските првенства, 12. златен. Со тоа го надмина Мајкл Фелпс, кој досега важеше за најтрофеен на пливачките мундијали со вкупно 20 медали (од нив 15 златни и пет сребрени).

Шестрем, која е веќе 29-годишна, на СП во Фукуока дојде со 19 индивидуални медали (10 златни, шест сребрени и три бронзени), по што успеа двапати да стигне до титулата, на 50 метри пеперутка и на 50 метри слободно. Патем, во второто финале исплива 23 секунди и 62 стотинки, само еден стоти дел од секундата побавно од светскиот рекорд што го постави во полуфиналето. На целата колекција има додадено само еден екипен, сребрен од штафетата на Шведска на 4х100 метри мешано, во Казан, во 2015 година.

На ова Светско првенство, Фелпс беше поминат и од една друга девојка, неговата сонародничка Кејти Ледеки и тоа по бројот на златни медали на светските првенства, повторно не сметајќи ги штафетите, односно само поединечни. Ледеки освои два за да дојде до 16, а Фелпс има 15.

# Калин Ивановски скокна за 30 позиции на АТП-листата



Најдобриот македонски тенисер Калин Ивановски напредуваше дури за 30 позиции на најновото рангирање на светската АТП-листа. Ивановски освои 21 поен и со вкупно 176 поени сега е на 306-тото место.

Низ историјата на македонскиот тенис само двајца тенисери биле меѓу првите 300 на светот во сингл, тоа се Предраг Русевски и Александар Китинов, а реално на ова друштво може му да се приклучи и Ивановски ако продолжи со добри игри и успеси.

Следниот предизвик за Ивановски е Челинџер 100 турнирот во Бања Лука, каде што во првото коло ќе игра против Французинот Клеман Табу, кој се наоѓа на 300-тото место, односно е шест места пред Калин. Ова ќе биде нивен втор меч откако Табу има победа во финалето на фјучрсот во Куршумлијска Бања.

На врвот од АТП-листата нема промени и лидер е Карлос Алкараз со 9.225 поени пред Новак Ѓоковиќ со 8.795 поени, додека трет е Данил Медведев.

AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970



AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ,
ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

## АВСТРАЛИЈА ВО ЧЕТВРТФИНАЛЕТО НА СП



Фудбалерките на Австралија, во Сиднеј со победата од 2-0 (1-0) над Данска се пласира во четвртфиналето на Светското првенство за жени. Матилдите не дозволија изненадување на шампионатот, а одново во главната улога беше одличната Кејтлин Форд, фудбалерката на Арсенал, првата звезда која ја направи разликата на теренот. Колку е брза Кејтлин се виде во 29. минута. Мери Фаулер испрати одлична топка за „спринтерот" на Арсенал, а потоа следеше реализација во стилот на Килијан Мбапе. Тоа беше триесеттиот гол на Форд за Австралија.

Данска во текот на целиот натпревар беше во подредена позиција. Австралија, пак, играше подобро и постојано напаѓаше. Мери Фаулер беше асистент и на вториот гол, овој пат до Хејли Расо која што во 71. минута стави точка на натпреварот.

Покрај Австралија во четвртфиналето се пласираше и Англија по подоброто изведените пенали против Нигерија.

Во петок на 11 август, играат Шпанија и Холандија во 11 часот, Јапонија и Шведска во 17:30 часот.

Следниот ден, в сабота, на 12 август, играат Австралија и Франција во 17:30, а Англија и Колумбија во 20:30 часот.

## ТРЕНЕРОТ НА ИСЛАМ НЕМА НИШТО ПРОТИВ РЕВАНШОТ МЕЃУ МАХАЧЕВ И ВОЛКАНОВСКИ



Австралиецот со македонско потекло во јули се врати во октагонот и го победи Јаир Родригез со прекин во третата рунда, и петти пат по ред го одбрани појасот во перо категорија.

Волкановски, откако ја згази конкуренцијата во категоријата, е желен за нови предизвици, а една од неговите желби е сигурно реваншот против Махачев.

И тренерот на Ислам, Хавиер Мендез покажа интерес за реванш.

„Баш би сакал Махачев повторно да се бори против Волкановски. Прво би го сакал Алекс, а потоа нека оди по појасот во велтер категорија. Ислам сè уште има незавршена работа со Алекс. Останува уште многу работи неразјаснети, а борбата исто така ги исполни очекувањата", изјави Хавиер Мендез и додаде: „Тоа беше борба меѓу двајцата најдобри. Двајца шампиони се бореа и понудија многу, но од друга страна, многу работи останаа нејасни. Сакам Ислам да докаже дека е подобар борец од Алекс и затоа ја сакам оваа борба. Алекс е огромен предизвик и тоа ми се допаѓа".

Првакот во лесна категорија на УФЦ Ислам Махачев во февруари на настанот во Перт со тесна судиска одлука го победи Александар Волкановски.

## СОБОРЕН РЕКОРДОТ НА МУНДИЈАЛОТ ВО АВСТРАЛИЈА И НОВ ЗЕЛАНД

Пред комплетирањето на осминафиналните дуели организаторот на Светското првенство во фудбал во женска конкуренција соопшти дека е соборен рекордот по бројот на гледачи во историјата на шампионатите.

Рекордот е поставен по сочувањето меѓу Шведска и САД кое го следеа 27.706 посетители со што е достигната вкупна бројка од еден милион 367.037 гледачи.

Досегашниот рекорд беше во сопственост на Канада која беше организатор на Светскиот куп во 2015 година кога на сите натпревари беа регистрирани 1.353.506 посетители.

Натпреварите на првенството во Австралија и Нов Зеланд во просек го следат 26.289 гледачи и оваа бројка сигурно ќе биде надмината со оглед на фактот дека за последните 12 натпревари веќе нема влезници и се очекува драстично згolemување на рекордот.

